ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

# ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ

## за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања за избор на градоначалници и советници во општините во Република Северна Македонија 2025 година

# Содржина


1. ВОВЕД 1

2. Законска регулатива 2

3. Надлежности и постапување на ДКСК 3

3.1 Активности пред започнување на изборната кампања
- 3.1.1. Меѓуинституционална соработка
- 3.1.2. Соопштенија и други форми за информирање на јавноста

3.2 Активности за време на изборната кампања

4. Податоци од финансиските извештаи 8

4.1 Приходи
- 4.1.1 Распределба на приходи според политичка позиција и извор на финансирање
- 4.1.2. Приходи за платено политичко рекламирање

4.2. Расходи
- 4.2.1. Расходи за платено политичко рекламирање

5. Одлуки од надлежност на ДКСК 24

5.1. Предмети по пријави

5.2. Предмети по сопствена иницијатива

6. Финансиско известување 26

6.1. Рокови и критични точки во известувањето за локалните избори

6.2. Надзорна улога и активности на ДКСК

6.3. Наоди од табелата за доставени извештаи и затворени сметки

7. Слабости на Изборниот законик 28

8. ЗАКЛУЧОК 30

# 1 ВОВЕД

Секој изборен циклус претставува значаен предизвик во управувањето со јавните ресурси и активностите на државните институции. За да се спречи корупција и злоупотреба на јавните средства, клучно е да се примени ефективен надзор и строго да се почитуваат законските ограничувања. Во оваа насока, ДКСК има централна улога во обезбедувањето законитост, објективност и транспарентност на сите активности што се одвиваат за време на изборниот период.

Изборната кампања е процес што директно влијае врз трошењето средства од страна на учесниците во изборната кампања и го креира јавното мислење за определен кандидат кај електоратот. Затоа, законитоста на изворите на средствата за финансирање на кампањата и законитоста на нивното трошење се фундаментален предуслов за фер политички натпревар меѓу учесниците во изборната кампања.

ДКСК согласно со своите надлежности уредени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот законик, активно се ангажираше во превенцијата и спречувањето на корупцијата за време на изборниот процес за избор на градоначалници и членови на советите во општините во Република Северна Македонија во 2025.

Преку мониторирање на финансиското работење на учесниците во изборната кампања, ДКСК презема мерки за превенција од корупција. Во глава IV — Спречување на корупцијата во политиката од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, се уредени постапките и мерките што ги презема ДКСК за да се спречат злоупотребите поврзани со финансирањето на изборната кампања, управувањето со јавните добра и средствата за време на изборниот процес. Овие активности започнуваат од моментот на распишување на изборите, па сè до нивното завршување.

ДКСК, во рамките на своите законски надлежности, воспостави соработка со Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија, Министерството за внатрешни работи, како и со други државни органи и институции. Оваа соработка е со цел обезбедување податоци и воспоставување евиденции за сите регистрирани учесници во изборната кампања. Обезбедените податоци се користат во постапувањето во предметите од надлежност на Комисијата. Со објавувањето соопштенија и укажувања за законските ограничувања што се однесуваат на сите државни органи и институции за време на изборниот процес, ДКСК ги информира сите релевантни субјекти за законските обврски и ограничувања, со цел да се спречат потенцијални злоупотреби и коруптивни дејства.

Преку овие активности ДКСК обезбедува дека изборниот процес се одвива транспарентно и законито, спречувајќи секакви форми на корупција и злоупотреба на јавните средства и добра. За да постигне највисок квалитет, ДКСК соработуваше и доби поддршка од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) и со Здружението за истражување и анализи – ЗМАИ. Нивниот придонес и експертиза беа од особена важност за успешната изработка на овој извештај, за што искажуваме особена благодарност.

Од клучно значење е придонесот на ДКСК во превенција и спречување на корупцијата на изборните процес, преку инвестирање во системи и процеси што го штитат интегритетот на институциите, обезбедуваат одговорно користење на јавните средства и промовираат веродостојно и транспарентно известување.

# 2. Законска регулатива

Изборниот процес во Република Северна Македонија, вклучително и локалните избори, се темели врз уставните начела и врз сетот закони и подзаконски акти што заедно ја обезбедуваат правната рамка за организирање, спроведување и надзор над изборите. Уставот ја гарантира локалната самоуправа како уставно начело и го утврдува постоењето на општините и Градот Скопје како основни единици на локалната самоуправа, при што територијалната организација и клучните прашања поврзани со локалните избори и локалното финансирање се уредуваат со закон. Овие уставни поставки ја дефинираат рамката во која се спроведуваат локалните избори и ја нагласуваат потребата од стабилна, јасна и доследно применлива правна регулатива.

Локалната самоуправа е дополнително уредена преку системски закони, меѓу кои Законот за локална самоуправа, Законот за територијална организација на локалната самоуправа и Законот за Градот Скопје. Иако овие закони не го регулираат текот на изборната постапка, тие имаат непосредно значење за локалните избори, затоа што го уредуваат опфатот и организацијата на општините, посебниот статус на Градот Скопје, бројот на членови во советите и одделни аспекти на локалното функционирање што се релевантни за изборниот контекст.

Клучен законски акт за локалните избори е Изборниот законик, кој ги уредува правилата и постапките за избор на градоначалник и на членови на советите на општините и на Советот на Град Скопје, како и сите фази на изборниот процес: евидентирање на избирачкото право, водење на Избирачкиот список, определување и објавување избирачки места, постапки за кандидатури и изборни листи, текот на изборната кампања, спроведување на гласањето, утврдување резултати и постапување по изборни приговори и спорови. Законикот, исто така, воспоставува правила за изборната кампања и ограничувања што имаат цел да го заштитат интегритетот на процесот и да ја намалат можноста за злоупотреба на јавни ресурси или нерамноправен третман на учесниците.

Подзаконските акти на Државната изборна комисија (ДИК) ја операционализираат законската рамка преку упатства, правилници и одлуки со кои се прецизираат техничките и организациските аспекти на изборите. Овие акти се важни за практичната примена на Изборниот законик, бидејќи обезбедуваат единствен пристап при спроведување на изборните дејства и овозможуваат предвидливост и правна сигурност за учесниците и за институциите.

Надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата во однос на спречување на корупцијата во политиката и заштита на јавниот интерес за време на избори, се уредени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и со Изборниот законик. Законските прописи ја позиционираат ДКСК како клучен превентивен и надзорен механизам во изборниот процес, преку следење на законитоста во финансирањето на изборната кампања, следење на ризиците од злоупотреба на јавни средства и ресурси, постапување по пријави, доставени приговори, по предмети оформени по сопствена иницијатива, како и иницирање мерки пред надлежните органи кога постојат основи за сомневање за прекршување на законот.

Кривичниот законик ја заокружува правната рамка преку инкримининација на кривични дела против изборите и гласањето, вклучително и дела поврзани со поткуп, повреда на избирачкото право, изборна измама и злоупотреба на средства за финансирање на изборната кампања. Постоењето кривичноправна заштита е значајно затоа што обезбедува дополнителен ефект за спречување на прекршувањето на законите и основа за постапување кога се утврдуваат потешки форми на нерегуларности. ДКСК ги спроведува своите надлежности за следење на активностите на учесниците во изборната кампања, со цел обезбедување законитост, транспарентност и интегритет на изборниот процес.



# 3. Надлежности и постапување на ДКСК

Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) има активна улога во следење на можната злоупотреба на буџетски средства за време на избори. Надлежностите на Комисијата се реализираат преку превентивни, мониторинг и надзорни активности што се спроведуваат континуирано, од денот на распишување на изборите, па сè до завршување на изборите.

Надлежностите и постапувањето на Државната комисија за спречување на корупцијата се уредени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: Глава IV – Спречување на корупцијата во политиката, односно во членовите од 32 до 37. Според овие одредби, ДКСК ја следи законитоста на финансирањето на изборните кампањи, ја следи законитоста на користењето односно располагањето со буџетските средства, постапува во случај на сомневање за непочитување на забраната за нови инвестиции и вонредни исплати и забраната за користење противправни и анонимни извори на финансирање за време на избори, утврдува злоупотреба на финансирање на политички партии за време на изборна кампања или поткупување на избирачите.

Во насока на спроведување на својата превентивна улога, на самиот почеток на изборниот период ДКСК објавува соопштение со кое ги известува државните органи и носителите на јавни овластувања во однос на законските ограничувања што важат во изборниот период. Преку соопштенија, насоки и комуникација со институциите, ДКСК придонесува за навремено информирање за забраните, обврските и за намалување на ризикот од прекршувања. Превентивното дејствување има цел да создаде јасна граница меѓу редовното институционално функционирање и изборниот натпревар, со посебен акцент на ризиците од злоупотреба на јавни ресурси и од влијание врз административните процеси во чувствителен период.

Комисијата, истовремено, проактивно го следи изборниот процес преку мобилизација на своите институционални и човечки ресурси, како и преку воспоставување соработка со релевантни институции и органи за обезбедување податоци и информации. ДКСК ги анализира поднесените финансиски извештаи на учесниците во изборниот процес, како и други релевантни податоци, со цел да утврди дали финансирањето и трошењето на средства се одвива во согласност со важечката законска рамка. Во овој дел Комисијата го насочува вниманието кон законитоста на изворите на финансирање, усогласеноста на донациите со дозволените лимити и правила, навременоста и точноста на финансиското известување и транспарентноста на објавените податоци.

Дополнително, Државната комисија за спречување на корупцијата има обврска да ги следи и правилата утврдени во Изборниот законик и Законот за финансирање на политичките партии. Овие закони го уредуваат начинот на постапување на државните и општинските институции во изборниот период, правилата за финансирање на учесниците во изборните кампањи, начинот на водење на изборните кампањи.

ДКСК постапува по пријави од граѓани или правни лица или отвора предмети по сопствена инцијатива, кога од јавни информации, објави во медиумите или други извори произлегуваат информации за сомневање за прекршување на законските одредби. Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК започнува постапка во чии рамки ги проверува сомневањата преку прибирање податоци и информации од други институции. По обработката на податоците, на јавна седница донесува одлуки за конкретни предмети. Во случаи кога постојат основи за сомневање за прекршување на законските одредби, Комисијата доставува иницијативи до надлежните државни органи за преземање соодветни дејства.

Овој пристап обезбедува функционална врска меѓу превенцијата и постапувањето, со што се овозможува навремена реакција кога постои ризик за нарушување на законитоста и интегритетот на изборниот процес.

Следењето на законитоста на финансирањето се спроведува континуирано и во сите фази на изборниот процес, со посебен акцент на контролата на финансирањето на изборните кампањи, спречувањето злоупотреба на буџетските средства, почитувањето на забраната за нови јавни инвестиции и вонредни исплати, како и спречувањето на користење незаконити извори на финансирање. Овие активности претставуваат клучен механизам за заштита на јавниот интерес и зачувување на интегритетот на изборниот процес.

Особено значаен сегмент од работата на ДКСК во изборниот период е обезбедувањето транспарентност и отчетност. Комисијата, во рамките на своите надлежности, придонесува за јавното информирање за клучните аспекти од изборниот процес што се поврзани со ризици од корупција и злоупотреба на ресурси, како и со финансиското известување. Транспарентното постапување и јавното укажување на системски слабости и предизвици имаат важна улога во градењето доверба во институционалниот надзор и во охрабрување на јавноста да пријавува неправилности.

Опфат на анализа на ДКСК се:

- **анализа на видовите извори на финансирање** – со цел утврдување на нивната законитост, транспарентност, како и усогласеност со важечката законска рамка;
- **проверка на висината на донациите** – следење и проверка на поединечните и вкупните износи на донации, со посебен фокус на почитувањето на законските лимити и недозволеното финансирање;
- **следење на законитоста на користењето односно располагањето со буџетски средства** – следење на користењето на јавните, односно буџетските средства за време на изборната кампања, со цел утврдување дали се користени во согласност со законот и намената и принципите на рационално управување со јавните финансии;
- **контрола на трошоците за време на изборната кампања** – проверка на вкупните расходи настанати во текот на изборната кампања, нивната структура и усогласеност со законски утврдените ограничувања и дозволени категории трошоци;
- **проверка на законските рокови за изготвување и доставување на финансиските извештаи** – следење дали финансиските извештаи за приходите и расходите на сметката на изборната кампања се изготвени навремено, во согласност со законски утврдените рокови и пропишаните обрасци, како и нивното доставување до ДКСК;

Во рамките на секој изборен процес, ДКСК дополнително го следи исполнувањето на обврските на учесниците во изборниот процес што се однесуваат на нивно регистрирање, преку прибавување податоци од надлежните органи, како и правилно и законито евидентирање и прикажување на сите приходи и расходи поврзани со изборната кампања.

Покрај утврдените надлежности, Комисијата се соочува со практични ограничувања што произлегуваат од правни празнини и недоволно прецизни или недоследно применливи нормативни решенија. Во одредени ситуации постојат отежнувачки околности во обезбедување целосни и навремени информации од институциите или недостасуваат соодветни прекршочни механизми за непостапување по законски обврски, што ја ограничува ефикасноста на надзорот. Овие предизвици ја нагласуваат потребата од континуирано унапредување на законската и институционалната рамка, со цел да се обезбеди поефикасно спречување злоупотреби и посилен интегритет на изборниот процес.

Согласно со член 32 од ЗСКСИ, ДКСК подготвува Посебен извештај за утврдените состојби во финансирањето на

изборната кампања во кој се наведени утврдените состојби и се дадени препораки за надминување на воочените слабости, кој се доставува до Собранието на РСМ, во рок од три месеци од денот на завршувањето на изборите.

# 3.1 Активности пред започнување на изборната кампања

Во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот законик се предвидени надлежности, активности и рокови за постапување на ДКСК во однос на следење на политичките партии и изборните кампањи.

Собранието на РСМ на 9.8.2025 година донесе Решение за распишување избори за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје, со број 09-4408/1 од 9.8.2025 година, каде што во член 2 е уредено дека „Изборите ќе се одржат на 19 октомври 2025 година. По објавувањето на решението, ДКСК презема активности со цел организација на ресурсите со кои располага (човечки, технички) заради воспоставување ефикасен мониторинг на законитоста на финансирањето на изборната кампања.

### 3.1.1. Меѓуинституционална соработка

Со цел зајакнување на меѓуинституционалната соработка во делот на дејствувањето на институциите за Локалните избори 2025 година, особено со институции чии надлежности имаат опфат на постапување во време на изборен процес, беа организирани повеќе работни средби, и тоа:

- **работен состанок со претседателот и со дел од членовите на Државната изборна комисија**, во присуство на претставници од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, кој беше посветен на продлабочување на соработката меѓу двете институции. Состанокот беше со посебен фокус на прашањата поврзани со интегритетот во изборниот процес, како и утврдување на потребата од формализирање на меѓусебната координација преку склучување Меморандум за соработка со цел создавање услови за обезбедување брзо и усогласено постапување во случаи на потенцијален судир на интереси и други ситуации што бараат итна процена и институционален одговор.
- **работна средба со јавниот обвинител на Република Северна Македонија**, со претседателот на привремената комисија во Јавното обвинителство за следење евентуални изборни нерегуларности и јавни обвинители во ЈОРСМ, каде што беа разменети информации за составот, надлежностите и активностите на привремената комисија задолжена да го следи постапувањето по евентуални изборни нерегуларности поврзани со постоење кривични дела од глава 16 од Кривичниот законик – кривични дела против изборите и гласањето, како и други кривични дела што би биле сторени при организирањето и спроведувањето на изборите. На оваа средба обострано беше истакната подготвеноста за соработка на двете институции за време на изборниот процес.
- **беше потпишан Меморандум за соработка меѓу Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Државниот завод за ревизија**. Со овој меморандум трите институции ја зацврстуваат својата определба за непосредна соработка, координација и заемна помош при спроведување на одредбите за финансирање на изборната кампања, размена на информации и податоци, како и навремено постапување по утврдени неправилности, особено во делот на постапување по претставки, приговори и други постапки од заеднички интерес.
- **работна средба со претставник на Набљудувачката мисија на ОБСЕ**, на која беа презентирани законските

надлежности и улогата на ДКСК во изборниот процес. Исто така, беа образложени тековните и планираните активности на ДКСК во насока на следење на изборниот процес, со цел обезбедување транспарентно и законско користење на јавните добра и трошење на буџетските средства, како и предизвиците со кои се соочува ДКСК во следењето на изборниот процес, системските слабости и законските недоречености во изборната регулатива. На оваа средба беше договорена меѓусебна соработка и интензивна комуникација во текот на целиот изборен процес.

### 3.1.2. Соопштенија и други форми за информирање на јавноста

Со цел информирање на јавноста во однос на законските ограничувања и активности што важат во текот на изборниот процес, како и заради обезбедување на можноста за полесно пријавување сомневања за неправилности во текот на изборниот процес, ДКСК на својата веб-страница објави неколку соопштенија и стави на располагање неколку алатки за полесно поднесување пријави од граѓаните во врска со сомневања за изборни нерегуларности, и тоа:

- **образец** - Пријава за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за Локалните избори 2025 година, преку која секоја засегната страна во РСМ можеше да пријави изборни прекршувања за време на одржаниот изборен процес;
- **известување со цел навремено и транспарентно информирање на органите на државната и на локалната власт и други државни органи**, како и јавноста, за законитоста на користењето и располагањето со буџетските средства од денот на распишувањето на Локалните избори 2025 година, а во врска со надлежностите и обврските, односно за обврските што се уредени со член 34 и 36 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и со членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик, според кои одговорните лица на фондовите, агенциите, дирекциите, јавните претпријатија, регулаторни тела, трговски друштва основани од државата и други институции основани од државата, политичките партии и учесниците во изборната кампања се должни да се придржуваат кон законските ограничувања во текот на изборниот процес.
- **беше ставена на располагање веб-апликацијата** – Регистар на возила на државни органи, органи на локалната самоуправа, јавните претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал со цел пријавување недозволено користење на службените возила за изборни цели, со прилог образец – Табела за доставување податоци за возила со пополнети податоци, кои беше потребно да се достават на е-адреса на ДКСК.

## 3.2 Активности за време на изборната кампања

Во рамките на своето постапување за време на изборниот период, како и во изминатите изборни циклуси, ДКСК извести дека нема законска надлежност да дава мислење во врска со примената на одредбите од член 8-а и 8-б и член 34 од ЗСКСИ. Сепак, и покрај овие укажувања, во овој изборен период до ДКСК од страна на државните органи, правните лица основани од државата и физички лица беа доставени вкупно 246 (двесте четириесет и шест) барања мислења што се однесуваа на прашања за преземање конкретни активности, во смисла на почитување на забраните утврдени со член 8-а и член 8-б од Изборниот законик и член 34 од ЗСКСИ. На сите овие барања беше доставено известување дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема законска основа и надлежност да дава мислење или согласност по доставените барања за мислење, со укажување дека при

одлучувањето за не/спроведување на одредени активности, од денот на донесувањето на одлуките за распишување избори, па до завршување на локалните избори, потребно е да се почитуваат забраните утврдени во член 8-а и 8-б од Изборниот законик и член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и дека тие се одговорност на одговорните лица на државните органи и другите субјекти.

Согласно со член 8-б, став 2 од Изборниот законик, јавните фондови, јавните претпријатија и сите други правни лица што располагаат со државен капитал, имаат обврска во рок од десет дена од донесувањето на одлуката за распишување избори да достават податоци до ДКСК за бројот, видот, регистарските таблици и состојбата на службените моторни возила со кои располагаат.

Согласно со член 8-б, став 5 од Изборниот законик, доколку субјектите не ги достават бараните податоци, ДКСК е должна да поведе прекршочна постапка во рок од 15 дена по истекот на рокот за доставување на податоците. Меѓутоа, поради правна празнина во Изборниот законик каде што не се предвидени прекршочни санкции, ДКСК нема можност да поведе прекршочни постапки по овој основ. Имајќи ја предвид состојбата на непостоење нормативно решение за санкционирање, ДКСК во насока на превенција од злоупотреба на службените возила за потребите на изборната кампања, достави известување до Министерството за внатрешни работи со барање за обезбедување податоци за сите службени возила што ги користат државните институции. Министерството за внатрешни работи достави одговор на барањето, со што обезбеди податоци за 1 557 институции. Исто така, ДКСК достави известувања до органите што именуваат и избираат раководни лица, и тоа до Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија (ЗЕЛС) со податоци за оние институции што ги немаат доставено потребните податоци.

Поради тоа што мал број институции и државни органи одговорија на барањето за ажурирање на податоците од Регистарот на возила, Комисијата јавно ги објави сите институции што не доставија информации до законскиот рок.

Графикон 1 Број на добиени изведувања за службени возила во споредба со Регистарот на возила на МВР




Извор: Административни податоци на ДКСК

# 4. ПОДАТОЦИ ОД ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 4.1 Приходи

Во контекст на спроведувањето на локалните избори, ДКСК активно ја извршува својата надлежност во насока на обезбедување интегритет и законитост во финансирањето на изборната кампања. Комисијата особено го следи начинот на обезбедување, евидентирање и користење на средствата од страна на учесниците во изборниот процес.

Согласно со член 83 од Изборниот законик, изборната кампања може да се финансира преку средства пренесени од редовната сметка на политичката партија, преку членарини, донации од физички и правни лица, како и преку кредити за изборната кампања. Во кампањата може да се примаат донации во пари, ствари и услуги и од: физички лица до 3.000 евра во денарска противвредност, како и од правни лица до 30.000 евра во денарска противвредност. Сите донации мора да се уплатуваат на посебна трансакциска сметка, да се евидентираат (регистар на донации) и доколку износот го надмине дозволениот лимит, разликата задолжително се префрла во буџетот на државата. Овие ограничувања треба да се почитуваат од сите учесници во кампањата.

Во рамките на своите законски надлежности, ДКСК има активна улога во надзорот на овие процеси, особено во насока на обезбедување транспарентност на изворите на финансирање и утврдување на нивната усогласеност со законските ограничувања. Комисијата спроведува постапки за проверка и анализа на податоците од финансиските извештаи и банкарските изводи за сите учесници во изборниот процес.

Во согласност со законските одредби поврзани со финансирањето на платеното политичко рекламирање во меди-умите за време на изборната кампања, средствата за оваа намена се обезбедуваат од буџетот на Република Северна Македонија и се исплаќаат преку Државната изборна комисија (ДИК). ДКСК ја следи распределбата и исплатата на овие средства врз основа на податоците содржани во финансиските извештаи и врз основа на податоците доставени од Државната изборна комисија.

Анализата на извештаите што беа доставени до ДКСК од страна на учесниците во изборниот процес покажува дека структурата на приходите за изборната кампања е доминантно составена од средства за платено политичко рекламирање (ППР) и од преноси на средства од основните трансакциски сметки на политичките партии кон сметките за изборна кампања. Согласно со доставените податоци, најголема поединечна ставка е ППР во износ од 284.156.613 денари, што претставува 47,6 % од вкупно евидентираните приходи. Истовремено, преносите од основните сметки на партиите изнесуваат вкупно 305.256.790 денари (51,1 %), од кои 190.902.831 денар се евидентирани како средства пренесени од донации од правни лица, а 114.353.959 денари како средства пренесени од донации од физички лица.

Непосредно пријавените приходи на изборните сметки во категоријата „донации во пари, ствари и услуги“ се значително помали и изнесуваат вкупно 7.930.272 денари (1,3 %), односно 2.756.650 денари од правни лица и 5.173.622 денари од физички лица. Вкупниот износ на приходи опфатен во оваа структура изнесува 597.343.675 денари. На графиконот подолу е прикажана вкупната структура на приходи по извор, при што е важно да се има предвид дека дел од средствата се евидентирани како преноси од основни партиски сметки, а дел како директно пријавени приходи на сметките за изборна кампања.

Графикон 2 Вкупен износ на приходи по извор




Извор: Административни податоци на ДКСК од вкупни финансиски извештаи

Анализата по основни извори на приходи покажува дека најголемиот дел од донациите не влегуваат директно на сметките за изборна кампања, туку претходно се акумулираат на основните сметки на политичките субјекти, а потоа се префрлаат. Вкупните средства (без ППР и без средства од буџетот) изнесуваат 147.204.675 денари, од кои дури 139.251.403 денари, односно 94,6 % се донации примени на основната сметка. Ова упатува на силна доминација на посреден модел на финансирање преку редовното партиско финансиско работење наместо директно донирање на изборната сметка.

Во рамките на овие пренесени донации од основните сметки, најголем износ се однесува на донации од физички лица во висина од 114.330.959 денари, додека донациите од правни лица изнесуваат 24.920.444 денари.

Директните донации на сметките за изборна кампања (во пари, ствари и услуги) имаат значително помал обем и изнесуваат вкупно 7.953.272 денари, односно само 5,4 % од вкупните средства. Од нив, најголем дел се парични донации од физички лица (4.952.032 денари) и парични донации од правни лица (2.417.500 денари), додека донациите во услуги или ствари остануваат маргинални: 339.150 денари од правни лица и 244.590 денари од физички лица. Ова ја потврдува констатацијата дека непаричните донации, иако формално присутни во системот, имаат ограничено практично значење во вкупната структура на финансирањето.

Во вкупната структура на сите евидентирани приходи, ППР (284.156.613 денари) и средствата од буџетот (165.982.387 денари) заедно изнесуваат 450.139.000 денари, односно околу 75,4 % од вкупните приливи. Ова дополнително потврдува дека покрај значењето на приватните донации, доминантниот финансиски капацитет на кампањите и натаму е концентриран во јавните извори поврзани со изборниот процес, додека приватните донации имаат дополнителна, а не примарна улога во финансирањето на најголем дел од учесниците.

Графикон 3 Вкупен износ на приходи по поттип на извор




Извор: Административни податоци на ДКСК од вкупни финансиски извештаи

Во рамките на спроведената анализа за приходите на учесниците на локалните избори 2025 година, податоците добиени од доставените финансиски извештаи и регистрираните банкарски трансакции укажуваат на постоење на значителни разлики што произлегуваат од нецелосно исполнетата обврска за доставување вкупни финансиски извештаи од страна на учесниците во изборниот процес (само 46 % од учесниците имаат доставено вкупен финансиски извештај за изборната кампања).

Според финансиските извештаи доставени од политичките партии, коалициите и групите избирачи, вкупно се евидентирани приходи во износ од 594.082.033 денари. Меѓутоа, анализата на податоците од банкарските изводи покажува дека на трансакциските сметки наменети за изборната кампања се реализирани вкупни приливи во износ од 596.864.905 денари. Оваа бројка ги опфаќа сите идентификувани трансакции без оглед дали е доставен вкупен финансиски извештај и дали е затворена сметката во законски предвидениот рок. Разликата е релативно ниска (2.782.872 денари), особено имајќи предвид дека учесниците што немаат доставено вкупни финансиски извештаи имаат мали и незначајни остварени донации. Износот на средства е добиен од обработени 77 вкупни финансиски извештаи што се доставени до ДКСК од страна на учесниците во изборниот процес. Во изборниот процес учествуваа[1] вкупно 166 учесници, а беа обработени и нивните отворени изборни банкарски сметки до кои ДКСК обезбеди пристап согласно со член 71 став 13 од Изборниот законик. Вкупно 89 учесници во изборната кампања немаат доставено финален извештај за изборната кампања до ДКСК, што претставува 54 % од сите учесници. Токму оваа разлика укажува на потребата од дигитализирање на процесот за водење и изготвување на потребните извештаи и надминување на системските слабости во делот на санкционирање за непочитување на законот.

[1] Извор: Државната изборна комисија - Конечен извештај за спроведените избори за членови на советите на општините и советот на Град Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје, 2025 година

Овие податоци потврдуваат дека во текот на изборниот процес постои системски ризик од нецелосно известување за изворите и обемот на финансирањето, особено кога сите учесници не постапуваат согласно со законските обврски. Ваквата состојба ја отежнува проценатa на влијанието на различните извори на финансирање врз изборниот интегритет и создава услови за можни злоупотреби и прикривање на реалните трошоци. Комисијата препознава потреба од унапредување на механизмите за контрола и воспоставување санкции за недоставување извештаи, со цел да се овозможи целосна и навремена финансиска транспарентност за сите учесници во изборниот процес.

Табела 1 Вкупен износ на приходи по извор и тип на учесник

| ТИП УЧЕСНИК | ДОНАЦИИ ОД ПРАВНИ ЛИЦА ОД ОСНОВНАТА СМЕТКА | ДОНАЦИИ ОД ФИЗИЧКИ ЛИЦА ОД ОСНОВНАТА СМЕТКА | ППР | ДОНАЦИИ ОД ПРАВНИ ЛИЦА (ВО ПАРИ, СТВАРИ И УСЛУГИ) | ДОНАЦИИ ОД ФИЗИЧКИ ЛИЦА (ПАРИ, СТВАРИ И УСЛУГИ) | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Коалиции** | 163.845.208 | 114.353.959 | 277.394.594 | 153.000 | 2.621.000 | **558.367.761** |
| **Политички партии** | 27.057.623 | | 6.486.692 | 186.565 | 854.555 | **34.585.435** |
| **Независни кандидати поддржани од група избирачи** | | | 275.327 | 2.417.085 | 1.698.067 | **4.390.479** |
| **ВКУПНО** | **190.902.831** | **114.353.959** | **284.156.613** | **2.756.650** | **5.173.622** | **597.343.675** |

Извор: Административни податоци на ДКСК од вкупни финансиски извештаи

Анализата на приходите според типот на учесниците на локалните избори 2025 година, врз основа на доставените финансиски извештаи, покажува значителна концентрација на средства кај коалициите, додека политичките партии и групите избирачи пријавуваат значително помали износи на вкупно расположливи средства за финансирање на кампањите. Коалициите имаат пријавено вкупно 116.974.959 денари како донации од физички лица, што претставува 98 % од вкупните донации од овој извор и донации од правни лица во вкупен износ од 163.998.208 денари. Дополнително, од овие средства коалициите имаат пренесено вкупно 278.199.167 денари од своите редовни сметки. Тие пријавиле 277.394.594 денари за платено политичко рекламирање.

Самостојното учество на политичките партии на овие локални избори беше малобројно. Истовремено, тие пријавиле низок обем на финансиски средства. Најголемиот дел од нивните приходи доаѓаат во форма на донации од правни лица (27.244.188 денари) и од кои 99,5 % се регистрирани како пренос на средства од редовните сметки. Донациите од физички лица кај политичките партии се релативно ниски (854.555 денари), а износот за платено политичко рекламирање изнесува само 6.486.692 денари.

Групите избирачи, кои на овие избори беа најмногубројна категорија учесници со вкупно 120 учесници, пријавиле 2.417.085 денари како донации од правни лица и 1.698.067 денари од физички лица.

Вкупно, анализата покажува дека коалициите располагаат со најголем дел од расположливите средства во кампањата, што е особено видливо во ставките поврзани со платеното политичко рекламирање и донации од физички лица. Вкупниот пријавен приход од сите извори изнесува 683 милиони денари.

### 4.1.1 Распределба на приходи според политичка позиција и извор на финансирање

Анализата на приходите од изборната кампања според политичкиот статус на учесниците (власт/опозиција) и нивната вклученост во коалиции покажува значителни разлики во пристапот до финансиски извори, структурите на приходите и степенот на мобилизација на финансиски средства.

Политичките субјекти што се позиција во моментот на изборите имаат пријавено **287,1 милион денари** како приходи за финансирање на кампањата, што претставува **48 % од вкупните средства** (597 милиони денари). Од друга страна, субјектите што се сметаат за опозициски партии, а се парламентарни партии, пријавиле **293 милиони денари**, или **49 % од вкупниот износ**, додека остатокот се однесува на помали, независни или непарламентарни субјекти.

Најголем дел од средствата кај сите учесници, без оглед на политичката позиција, се однесуваат на **сопствени пренесени средства и ППР**, при што:

- Партиите од позицијата доминираат во донациите од физички лица, особено преку пренос од редовните сметки (пример: коалициите предводени од ВМРО-ДПМНЕ со 133,8 милиони денари).
- Опозициските партии покажуваат сличен модел – коалициите предводени од СДСМ и Коалицијата НАИ имаат приближно еднакво високо учество на сопствени извори и рекламирање, но со поограничен обем.
- Независните субјекти или оние надвор од парламентот покажуваат значително помали вкупни суми, а главно зависат од минимални донации и скромни износи за медиумско рекламирање.

Износот на обезбедените приходи за финансирање на изборната кампања по учесник во неа се прикажани во табелата подолу:

Табела 2 Вкупен износ на приходи по позиција на учесник и извор на финансирање

| ТИП УЧЕСНИК | Учесник / тип приход | Износ на приходи |
|---|---|---|
| **ВЛАСТ** | | **287.127.218** |
| | **Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ** | **220.499.682** |
| | Донации на основната сметка од правни лица | 7.341.000 |
| | Донации на основната сметка од физички лица | 113.861.509 |
| | ППР | 99.297.173 |
| | **Движење ЗНАМ ЗА НАША МАКЕДОНИЈА** | **10.050.686** |
| | Донации на основната сметка од правни лица | 10.050.686 |
| | **Демократска партија на Србите во Македонија - Братска** | **5.010.186** |
| | Донација во пари од физички лица | 110.700 |
| | ППР | 4.899.486 |
| | **ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ** | **94.018** |
| | Донација во пари од физички лица | 40 |
| | ППР | 93.978 |
| | **Коалиција ВЛЕН** | **51.472.646** |
| | Донација во пари од физички лица | 2.020.000 |
| | Донација во услуги или ствари од правни лица | 60.000 |
| | ППР | 44.694.646 |
| | Средства од буџетот | 4.698.000 |

Табела 2 Вкупен износ на приходи по позиција на учесник и извор на финансирање

| ТИП УЧЕСНИК | Учесник / тип приход | Износ на приходи |
|---|---|---|
| ОПОЗИЦИЈА | | 292.963.502 |
| | Коалиција предводена од ЛДП | 17.381.881 |
| | ППР | 5.947.681 |
| | Средства од буџетот | 11.434.200 |
| | НАЦИОНАЛНА АЛИЈАНСА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА - НАИ | 119.357.514 |
| | Донација во услуги или ствари од правни лица | 90.000 |
| | Донација во услуги или ствари од физички лица | 90.000 |
| | ППР | 63.238.506 |
| | Средства од буџетот | 55.939.008 |
| | ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА | 6.568.069 |
| | Донација во пари од физички лица | 1.140 |
| | Донација во услуги или ствари од физички лица | 92.250 |
| | Средства од буџетот | 6.474.679 |
| | Коалиција предводена од СДСМ | 149.656.038 |
| | Донации на основната сметка од правни лица | 3.000 |
| | Донации на основната сметка од физички лица | 469.450 |
| | Донација во пари од физички лица | 511.000 |
| | Донација во услуги или ствари од правни лица | 3.000 |
| | Донација во услуги или ствари од физички лица | 23.000 |
| | ППР | 64.216.588 |
| | Средства од буџетот | 84.430.000 |
| НЕЗАВИСНИ КАНДИДАТИ ПОДДРЖАНИ ОД ГРУПА ИЗБИРАЧИ | | 4.390.479 |
| | Независни кандидати поддржани од група избирачи | 4.390.479 |
| | Донација во пари од правни лица | 2.397.500 |
| | Донација во пари од физички лица | 1.658.727 |
| | Донација во услуги или ствари од правни лица | 19.585 |
| | Донација во услуги или ствари од физички лица | 39.340 |
| | ППР | 275.327 |

Табела 2 Вкупен износ на приходи по позиција на учесник и извор на финансирање

| ТИП УЧЕСНИК | Учесник / тип приход | Износ на приходи |
|---|---|---|
| **НЕПАРЛАМЕНТАРНИ ПАРТИИ** | | **292.963.502** |
| | **ВМРО - Народна партија** | **609.990** |
| | ППР | 9.990 |
| | Средства од буџетот | 600.000 |
| | **Демократска партија на Турците** | **520.000** |
| | Донација во пари од правни лица | 20.000 |
| | Донација во пари од физички лица | 500.000 |
| | **Единствена Македонија** | **2.545.100** |
| | Донации на основната сметка од правни лица | 2.500.000 |
| | ППР | 45.100 |
| | **МААК Сопиште** | **156.750** |
| | Донации на основната сметка од правни лица | 140.000 |
| | Донација во пари од физички лица | 16.750 |
| | **ПАРТИЈА / ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА РОМИТЕ** | **899.000** |
| | Средства од буџетот | 899.000 |
| | **Партија на пензионери** | **142.807** |
| | Донации на основната сметка од правни лица | 120.807 |
| | Донација во пари од физички лица | 22.000 |
| | **Политичка партија „ГРаѓанска ИНицијатива“- ГРИН** | **29.160** |
| | ППР | 29.160 |
| | **ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДВИЖЕЊЕ ЗА НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО НА ТУРЦИТЕ** | **1.228.000** |
| | Донации на основната сметка од правни лица | 1.228.000 |
| | **Политичка партија ДЕМОКРАТИ Скопје** | **703.516** |
| | Донации на основната сметка од правни лица | 536.951 |
| | Донација во услуги или ствари од правни лица | 166.565 |
| | **Политичка партија Десница** | **89.675** |
| | Донација во пари од физички лица | 89.675 |
| | **Политичка партија РОДИНА МАКЕДОНИЈА Локални избори 2025** | **354.347** |
| | ППР | 46.847 |
| | Средства од буџетот | 307.500 |

Табела 2 Вкупен износ на приходи по позиција на учесник и извор на финансирање

| ТИП УЧЕСНИК | Учесник / тип приход | Износ на приходи |
|---|---|---|
| **НЕПАРЛАМЕНТАРНИ ПАРТИИ** | | **292.963.502** |
| | **Политичка партија ТМРО** | **1.232.269** |
| | ППР | 52.269 |
| | Средства од буџетот | 1.180.000 |
| | **РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА** | **177.631** |
| | ППР | 177.631 |
| | **Српска странка** | **42.000** |
| | Донација во пари од физички лица | 22.000 |
| | Средства од буџетот | 20.000 |
| | **Твоја партија Скопје изборна кампања за локални избори 2025** | **4.132.231** |
| | Донации на основната сметка од правни лица | 3.000.000 |
| | ППР | 1.132.231 |

Извор: Административни податоци на ДКСК од вкупни финансиски извештаи

### 4.1.2. Приходи за платено политичко рекламирање (ППР)

ППР претставува посебен механизам за финансирање на медиумското претставување на учесниците во изборната кампања, при што средствата се обезбедуваат од буџетот на државата, а нивната распределба, начинот на користење и контролата се уредени со Изборниот законик (член 76-д). Суштинската карактеристика на овој систем е дека буџетските средства за ППР не им се исплаќаат на учесниците, туку се исплаќаат преку буџетската сметка на ДИК, директно кон медиумите, врз основа на доставени фактури и друга поткрепувачка документација. Во финансиските извештаи на учесниците овие средства вообичаено се евидентираат како приход и истовремено како расход за ППР, што овозможува јавна трага и проверливост на износите што се користеле за медиумска кампања.

Висината на вкупните средства за ППР е ограничена со законски лимит, изразен како износ по запишан избирач, без пресметан ДДВ. Во контекст на локалните избори, согласно со член 76-д од Изборниот законик, ова правило има дополнителна специфичност: доколку во одделни општини/Град Скопје се спроведува втор круг, за тие единици се активира дополнителна рамка за финансирање на ППР за вториот круг, повторно врз основа на бројот на запишани избирачи на територијата каде што се одржува вториот круг. Ова значи дека за разлика од парламентарните избори каде што изборниот процес е еднонасочен на национално ниво, кај локалните избори вкупната рамка за ППР може да варира поради одржување втор круг на избори и бројот на општини во кои тој се одржува.

Во однос на критериумите за распределба на буџетските средства за ППР, законски е воспоставен принцип на распределба по писмен договор, со јасно утврдени горни прагови по категории учесници. Во основа, средствата се распределуваат така што доминантниот дел се резервира за двете најголеми партии/субјекти на власт и двете најголеми опозициски партии (вкупно до 90 % од средствата), а преостанатиот дел е наменет за парламентарни партии што не формираат пратеничка група и за непарламентарни партии и кандидати.

Вака утврдените критериуми за распределба на буџетските средства за ППР не обезбедуваат јасна и пропорционална распределба на буџетските средства за платено политичко рекламирање, затоа што не ја предвидуваат распределбата на средства за парламентарни партии што имаат формирано пратеничка група во Собранието, но не се дел од двете најголеми позициски или опозициски партии. Ваквата нормативна поставеност создава нерамноправна положба меѓу парламентарните субјекти и претставува ризик од нарушување на принципот на еднаквост и фер изборна конкуренција.

Во однос на вака утврдената распределба на буџетски средства за ППР, ДКСК изврши антикорупциска проверка на одредбите од член 75 до член 76 д од Изборниот законик и изготви Извештај за антикорупциска проверка на одредби од Изборниот законик, Глава VI Изборна кампања со поднаслов „Медиумско претставување" од член 75 до член 76-д, кој е прилог на овој извештај (прилог број XX).

### Вкупен обем и распределба на ППР на Локалните избори 2025

Според податоците искажани во финансиските извештаи што беа доставени до ДКСК, вкупниот износ на пријавени приходи за ППР изнесува **283.852.126 денари**.

Учесниците што се дел од **позицијата** пријавиле **149 милиони денари**, додека учесниците што припаѓаат на **опозицијата** пријавиле **133,4 милиони денари**. Другиот дел е концентриран кај **непарламентарни субјекти** со вкупно **1,5 милиони денари**. Оваа структура потврдува дека ППР, како буџетска мерка, во практиката е речиси целосно искористена од субјекти со највисок политички капацитет и национална видливост, додека учеството на непарламентарни субјекти и граѓански иницијативи е маргинално.

Графикон 4 Приходи за ППР по позиција на учесник




Извор: Административни податоци на ДКСК од вкупни финансиски извештаи

### Распределба по учесник и концентрација на средствата

Според податоците искажани во финансиските извештаи што беа доставени до ДКСК, распределбата по поединечни учесници покажува дека четири субјекти доминираат во користењето на ППР, и тоа: коалициите предводени од **ВМРО-ДПМНЕ (99.297.173 денари)**, коалициите предводени од **СДСМ (64.216.588 денари)**, Коалицијата **НАИ – Национална алијанса за интеграција (63.238.506 денари)** и **Коалицијата ВЛЕН (44.694.646 денари)**. Само овие четири учесници пријавуваат **271.446.913 денари**, додека сите други учесници заедно пријавуваат **12.709.700 денари**.

Другите средства се распределени на повеќе субјекти со значително помали износи: **ЛДП (5.947.681 денари)** и **Демократска партија на Србите во Македонија – Братска (4.899.486 денари)** се единствените два „помали"

корисника со износ над 1 милион денари. Кај непарламентарните субјекти, највисок износ има **Твоја партија Скопје (1.132.231 денар)**, додека другите непарламентарни партии имаат симболични износи (од неколку илјади до неколку стотици илјади денари), што укажува дека нивното учество во медиумскиот простор преку ППР е суштински ограничено.

Графикон 4 Приходи за ППР по позиција на учесник




Извор: Административни податоци на ДКСК од вкупни финансиски извештаи

Овие односи се суштински важни за толкување на системот. Иако ППР формално е мерка наменета да обезбеди медиумска застапеност и да го намали притисокот од приватно финансирање за рекламни кампањи, фактичката распределба покажува дека главниот ефект е концентриран кај неколку најголеми политички субјекти. Практично, ППР го засилува медиумскиот капацитет токму таму каде што веќе постои висока организациска инфраструктура и политичка препознатливост.“

### Специфики за локалните избори и импликации за анализата

Кај локалните избори, дополнителен аналитички предизвик е тоа што учесниците, особено коалициите и големите партии, често отвораат и користат повеќе трансакциски сметки што кореспондираат со коалициските формати и организацијата на кампањата по општини. Поради тоа, бројот на сметки и фрагментацијата на трансакциите може значително да варира од учесник до учесник, што бара внимателно агрегирање на податоците за да се добие реална слика за вкупниот обем на ППР по носител на коалиција или по политички субјект. Ова е особено релевантно кога се споредуваат носителите на најголемите коалиции, бидејќи нивните вкупни износи за ППР можат да бидат резултат на собирање на повеќе општински/коалициски сметки, а не на единствена сметка на централно ниво.

На ниво на систем, ППР останува најзначајниот буџетски инструмент што директно го обликува медиумското присуство на учесниците во кампањата. Распределбата на средствата утврдена со член 76-д од Изборниот законик и обработените податоци од Локалните избори 2025 ја покажуваат следнава состојба:

(1) речиси рамномерна поделба меѓу партиите што се позиција и партиите што се во опозиција,

(2) исклучително висока концентрација на средствата кај четири субјекти, и

(3) низок износ на средства наменети за непарламентарни субјекти и групи избирачи.

## 4.2. Расходи

Расходите во изборна кампања ги опфаќаат сите рекламни средства што се користат за време на изборната кампања со цел да се промовираат програмата и идеите на учесникот на изборите. Согласно со одредбите на член 84 од Изборниот законик, учесникот на изборите може да потроши најмногу до 110 денари по запишан избирач во изборната единица или општината за која има поднесено листа на кандидати за сите кругови од изборите. Во доставените финансиски извештаи учесниците пријавиле вкупни расходи во износ од 311.397.462 денари.

Во обработката на податоците од финалните извештаи и за потребите на анализата на расходите, коалициските настапи се евидентираат и се анализираат согласно со носителот на коалицијата, со цел да се обезбеди усогласен и правно прецизен пристап во толкувањето на податоците. Иако во финансиската документација и банкарската евиденција коалициите се појавуваат преку повеќе посебни сметки, во текстот тие се третираат како збирен субјект по носител на коалицијата. Во таа насока коалицијата „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ се јавува преку вкупно единаесет (11) евидентирани сметки, а коалицијата предводена од СДСМ преку четири (4), додека другите коалиции настапуваа со една изборна сметка. Овој пристап овозможува аналитички поконзистентна споредливост на приходите и расходите, без да се изгуби увидот во фактот дека станува збор за повеќекратни локални сметки на ист коалициски носител.

Дополнително, поради изразената поделба на податоците кај независните листи (групите избирачи), големиот број учесници и претежно малите поединечни износи на донации и расходи, во наративниот дел тие ќе бидат прикажани како еден агрегиран збир, освен во случаи кога одделен учесник отстапува со повисок износ или со специфична структура на расходи што е релевантна за анализата.

Податоците кои беа добиени со обработка на доставените вкупни финансиски извештаи покажуваат висока концентрација на расходите кај ограничен број учесници. Трите најголеми учесници учествуваат со 81,7 % од вкупните пријавени расходи. Во табелата е прикажана структурата на расходи реализирани на сметките на учесниците во изборната кампања.

Табела 3 Вкупни расходи според типот на расход

| Тип расход | Платен износ | Учество |
|---|---|---|
| **Издатоци за реклама и пропаганда** | 237.797.200 | 76,4 % |
| **Расходи за одржување предизборни собири** | 25.030.083 | 8,0 % |
| **Интелектуални услуги** | 18.906.499 | 6,1 % |
| **Превозни - транспортни услуги** | 13.384.339 | 4,3 % |
| **Издатоци за репрезентација** | 5.372.576 | 1,7 % |
| **Изнајмување простор за време на изборна кампања** | 4.359.759 | 1,4 % |
| **Други расходи** | 3.353.926 | 1,1 % |
| **Услуги за статистички истражувања** | 3.193.080 | 1,0 % |
| **ВКУПНО** | **301.346.776** | **100 %** |

Извор: Административни податоци на ДКСК од вкупни финансиски извештаи

Структурата на расходите јасно покажува дека најголемиот дел од средствата се насочени кон реклама и пропаганда, со вкупно 237.797.200 денари, односно 76,4 % од сите пријавени расходи. Оваа категорија опфаќа трошоци за: промоција, продукција и дистрибуција на промотивни материјали, креативни и маркетинг-услуги, како и други промотивни услуги што ја поддржуваат видливоста на кандидатите и листите на советници во јавноста.

Втората најзначајна категорија се расходите за одржување предизборни собири во износ од 25.030.083 денари (8,0 %). Овие трошоци најчесто се поврзуваат со организација на јавни настани и теренски активности, логистика за собири, техничка поддршка, ангажирање услуги за озвучување, обезбедување и слични организациски потреби.

Третата по обем категорија се интелектуалните услуги, со 18.906.499 денари (6,1 %). Во оваа група вообичаено спаѓаат интелектуални услуги, консултантски ангажмани, комуникациски и ПР-услуги, истражувања на јавното мислење и аналитичка поддршка за кампањата.

Транспортот и логистиката учествуваат со 13.384.339 денари (4,3 %), што најчесто се поврзува со трошоци за транспортни услуги, логистика за теренска активност и оперативна поддршка. Репрезентацијата и угостителството се пријавени со 5.372.576 денари (1,7 %), што укажува на одреден степен на користење угостителски и протоколарни услуги, најчесто во контекст на настани, состаноци и теренска организација.

Изнајмувањето простор за време на кампања изнесува 4.359.759 денари (1,4 %) и е поврзано со функционирање на штабови, локални канцеларии и други логистички пунктови што се типични за локални избори поради потребата од присуство на учесниците во повеќе општини истовремено. Другите категории, како што се печатење и издавање (762.461 денар), материјали и ситни трошоци (607.485 денари) и финансиски трошоци и давачки (224.099 денари), имаат мало учество и претставуваат административни и оперативни расходи.

Распределбата на расходите според типот учесник покажува изразена доминација на коалициите. Коалициите пријавиле 280.323.653 денари, односно 90 % од вкупните расходи. Политичките партии пријавиле 25.734.671 денар (8,3 %), додека групите избирачи пријавиле 5.339.138 денари (1,7 %).

Табела 4 Вкупни расходи според тип на учесник

| Тип учесник | Платен износ | Учество |
|---|---|---|
| **Коалиција** | 280.323.653 | 90,0 % |
| **Партија** | 25.734.671 | 8,3 % |
| **Независни кандидати поддржани од група избирачи** | 5.339.138 | 1,7 % |
| **ВКУПНО** | **311.397.462** | **100.00 %** |

Извор: Административни податоци на ДКСК од вкупни финансиски извештаи

Во однос на политичката позиција, учесниците што ѝ припаѓаат на опозицијата пријавиле близу 160 милиони денари (53 %), додека учесниците што ѝ припаѓаат на позицијата пријавиле над 128 милиони денари (42,5 %). Непарламентарните учесници пријавиле 21 милион денари (7,1 %), а групите избирачи 4,5 милиони денари (1,5 %).

Од аспект на поединечни учесници, највисоки расходи се евидентирани кај Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, со вкупно 121.108.544 денари (40,2 % од вкупните расходи). Втори по обем на расходи се евиденциите поврзани со Коалицијата предводена од СДСМ, со вкупно 85.172.170 денари (28,3 % од вкупните расходи). Коалицијата Националната алијанса за интеграција – НАИ има пријавено расходи во вкупен износ од 55.908.775 денари (18,5 % од вкупните расходи).

Табела 5 Вкупни расходи по учесник и тип на расход

| Учесник | Издатоци за реклама и пропаганда | Расходи за одржување предизборни собири | Интелекту-ални услуги | Превозни - транспортни услуги | Издатоци за репрезента-ција | Изнајмување простор за време на изборна кампања | Услуги за статистичи истражувања | Други расходи | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВМРО - Народна партија** | 268.364 | | 35.625 | | 58.187 | | | 20.379 | **6.717.964** |
| **Движење ЗНАМ ЗА НАША МАКЕДОНИЈА** | 10.046.270 | | | | | | | 66.053 | **428.229** |
| **Демократска партија на Србите во Македонија - Братска** | | | | | 69.206 | | | 786.314 | **5.339.138** |
| **Демократска партија на Турците на Македонија** | 481.885 | | | | | | | 4.416 | **10.050.686** |
| **ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ** | | | | | | | | 41.229 | **110.435** |
| **Единствена Македонија** | 1.760.482 | | 32.222 | | | | | 2.289 | **484.174** |
| **Коалиција ВЛЕН** | 5.667.648 | | | 18.237 | | 1.011.700 | | 119.124 | **119.124** |
| **Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ** | 95.666.343 | 8.100.366 | 10.454.184 | 6.375.000 | | 31.230 | | 396.307 | **2.189.011** |
| **Коалиција предводена од ЛДП** | 7.297.837 | | 4.100.000 | | 7.922 | | | 10.441 | **11.416.200** |
| **Коалиција предводена од СДСМ** | 70.523.022 | 8.014.587 | 1.463.736 | 1.048.213 | 197.600 | 3.184.719 | | 9.149 | **154.241** |
| **МААК Сопиште** | 136.596 | | | | | 8.496 | | | **17.582** |
| **МАКЕДОНСКИ КОНЦЕПТ** | | | | | 17.582 | | 3.193.080 | 355.644 | **55.908.775** |
| **НАЦИОНАЛНА АЛИЈАНСА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА - НАИ** | 34.461.991 | 8.915.130 | | 5.563.880 | 3.419.050 | | | 12.619 | **899.000** |
| **ПАРТИЈА / ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА РОМИТЕ** | 877.741 | | | | 8.640 | | | 32.044 | **142.807** |
| **Партија на пензионери** | 52.763 | | | 56.000 | | 2.000 | | 21.617 | **1.228.000** |
| **ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДВИЖЕЊЕ ЗА НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО НА ТУРЦИТЕ** | 1.010.698 | | | 195.685 | | | | 32.073 | **703.516** |
| **Политичка партија ДЕМОКРАТИ Скопје** | 451.363 | | 185.699 | 25.230 | 9.151 | | | 130 | **89.675** |
| **Политичка партија Десница** | 89.545 | | | | | | | 3.764 | **6.475.819** |
| **ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА** | 4.903.363 | | 1.418.796 | 102.094 | | 47.802 | | 31.015 | **112.789** |

Извор: Административни податоци на ДКСК од вкупни финансиски извештаи

Табела 5 Вкупни расходи по учесник и тип на расход

| Учесник | Издатоци за реклама и пропаганда | Расходи за одржување предизборни собири | Интелектуални услуги | Превозни - транспортни услуги | Издатоци за репрезентација | Изнајмување простор за време на изборна кампања | Услуги за статистички истражувања | Други расходи | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Политичка партија РОДИНА МАКЕДОНИЈА Локални избори 2025 | 81.774 | | | | | | | 102.736 | **1.230.553** |
| Политичка партија ТМРО | 712.201 | | 362.224 | | 40.205 | 13.187 | | 740.293 | **85.172.170** |
| Српска странка во Македонија за Локалните избори 2025 | 21.070 | | | | | | | 14.160 | **35.230** |
| Твоја партија Скопје изборна кампања за локални избори 2025 | 309.256 | | 822.975 | | 60.860 | | | 70.709 | **1.263.800** |
| Независни кандидати поддржани од група избирачи | 2.976.988 | | 31.038 | | 1.484.173 | 60.625 | | 481.421 | **121.108.544** |
| **ВКУПНО** | **237.797.200** | **25.030.083** | **18.906.499** | **13.384.339** | **5.372.576** | **4.359.759** | **3.193.080** | **3.353.926** | **311.397.462** |

Извор: Административни податоци на ДКСК од вкупни финансиски извештаи

Покрај овие три учесници, кои заедно сочинуваат околу 87,0 % од вкупните расходи, следуваат учесници со значително помал износ на расходи. Коалицијата предводена од ЛДП има евидентирано расходи во вкупен износ од 11.416.200 денари (3,8 %), со најголеми суми потрошени на рекламирање (7.297.837 денари) и интелектуални услуги (4.100.000 денари). Политичката партија „Движење ЗНАМ - За наша Македонија", во завршниот финансиски извештај има евидентирано расходи во висина од 10.050.686 денари, во најголем обем наменети за рекламирање, промоција и печатење промотивни материјали. Коалицијата ВЛЕН има евидентирано расходи во вкупен износ од 6.717.964 денари (2,2 %), главно во рекламирање (5.667.648 денари) и изнајмување простор (1.011.700 денари). Политичката партија Левица има евидентирано расходи во вкупен износ од 6.475.819 денари (2,1 %), при што рекламирањето (4.903.363 денари) и интелектуалните услуги (1.418.796 денари) се клучните ставки. Групите избирачи со 5.339.138 денари (1,8 %) имаат евидентирано различна структура на расходи, со поголемо учество на „издатоци за репрезентација" (1.484.173 денари) покрај рекламирањето (2.976.988 денари).

#### 4.2.1. Расходи за платено политичко рекламирање

Платеното политичко рекламирање (ППР) претставува специфичен сегмент на расходите во изборната кампања, бидејќи е поврзано со средства што се обезбедуваат од буџетот и се наменети исклучиво за медиумско претставување на учесниците преку радиодифузери, печатени медиуми и електронски медиуми (интернет-портали).

Во овој дел е направена анализа на трошоците за ППР за локалните избори 2025 година, врз основа на податоците од финалните извештаи доставени до ДКСК од страна на учесниците во изборниот процес, искажани по учесник, а дополнително и по политички статус (позиција / опозиција), како и по тип учество (партија / коалиција / независни кандидати поддржани од група избирачи / непарламентарни субјекти). При интерпретацијата, земена е предвид и практиката кај локалните избори, кампањите да се водат преку повеќе трансакциски сметки и повеќе договори по општини.

Согласно со Изборниот законик, постојат две клучни ограничувања релевантни за оваа анализа: (1) максималната сума што еден учесник може да ја исплати на еден електронски медиум (интернет-портал) или печатен медиум не смее да надмине 15.000 евра во денарска противвредност без ДДВ; и (2) вкупната сума за платено медиумско претставување на сите електронски и печатени медиуми не може да надмине 25 % од распределените финансиски средства за оваа намена.

Согласно со податоците од доставените финансиски извештаи, вкупните реализирани расходи за ППР кај учесниците на Локалните избори 2025 година изнесуваат 284.156.613 денари. Распределбата на средствата е речиси рамномерна меѓу: учесниците што ѝ припаѓаат на позицијата реализирале 148.985.283 денари, додека учесниците од опозицијата 133.402.775 денари. Другиот дел се однесува на непарламентарни субјекти со 1.493.228 денари. Сите овие податоци покажуваат дека медиумската кампања целосно се потпира на буџетските средства.

Структурата на расходите по тип медиум за Локалните избори во 2025 година покажува јасна доминација на телевизиите. За платено политичко рекламирање на телевизиите се исплатени 170.591.902 денари (64,3 % од вкупното ППР), за интернет-портали 67.553.959 денари (25,5 %), за радиодифузери 22.230.744 денари (8,4 %), а за печатени медиуми 4.988.741 денари (1,9 %).

На ниво на учесници, четири политички субјекти искористиле 95,5 % од вкупниот износ наменет за ППР: Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ со 99.297.176 денари, Коалицијата предводена од СДСМ со 64.216.588 денари, Коалицијата НАИ со 63.238.506 денари и Коалицијата ВЛЕН со 44.694.646 денари.

ДКСК обезбеди податоци за исплатените расходи за ППР од Државната изборна комисија, при што беше утврдено дека вкупно исплатените средства за ППР за сите 166 учесници во изборниот процес изнесуваат 294.075.396 денари.

Графикон 4 Приходи за ППР по позиција на учесник




Извор: Административни податоци на ДКСК од вкупни финансиски извештаи

# 5. ОДЛУКИ ОД НАДЛЕЖНОСТ НА ДКСК

Во периодот на изборниот процес ДКСК оформи вкупно 43 (четириесет и три) предмети коишто се резултат на пријави за сомневање за сторени повреди на Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и предмети оформени по сопствена иницијатива на Комисијата.

Графикон 7 Број на добиени предмети по основ




Извор: Административни податоци на ДКСК

## 5.1. Предмети по пријави

До ДКСК се доставени вкупно 42 (четириесет и две) пријави со сомневања за сторени повреди на Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во текот на изборниот период. ДКСК постапуваше по вкупно 38 (триесет и осум) предмети од кои во 33 (триесет и три) предмети има донесено одлука за запирање на постапката, а во 3 (три) предмети има донесено одлука за отфрлање на пријавата. За еден предмет има донесено заклучок за спојување кон друг предмет со исти/слични наводи и во еден предмет е донесен заклучок за прераспределба и постапување согласно со Законот за заштита на укажувачи. По извршената анализа на содржината на доставените пријави, констатирано е следново:

- најголем број од нив, односно вкупно 19 (деветнаесет) пријави се однесуваат на наводи за сомневања за нерегуларности во постапките за вработување или престанок на работен однос за време на изборниот период, што се опфатени со одредбата на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, односно член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барања за надлежно постапување до инспекциски служби, како и до субјектите опфатени со пријавите. Врз основа на прибавените релевантни податоци и информации и утврдената фактичка состојба, ДКСК донесе одлуки од своја надлежност по вкупно 16 (шеснаесет) од наведените 19 (деветнаесет) доставени пријави со сомневања за нерегуларности при вработувања или прекин на работниот однос во изборниот период, а еден предмет со заклучок е споен кон друг.

- наводите од 5 (пет) пријави се однесуваат на прекршување на одредбите од член 8-а став 2 алинеја 1 од Изборниот законик, одредба што се однесува на забрана за одржување јавни настани по повод започнување изградба или пуштање во употреба на објекти со средства од буџетот или од јавни фондови, или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал. Во однос на овие пријави, ДКСК констатира дека дел од нив не се одржани во изборен период, односно настаните биле одржани пред почетокот на изборите, а за дел од нив е констатирано дека нема сторено повреда на одредбите од член 8-а став 2 алинеја 1 од Изборниот законик. ДКСК досега има донесено одлука за 4 (четири) од наведените 5 (пет) оформени предмети, а за еден предмет постапувањето е сѐ уште во тек.
- за 3 (три) предмети ДКСК констатира дека се работи за поднесена пријава во врска со наводи за сомневање за поткуп на гласачи, уредено во член 8-б став 6 од Изборниот законик, по што презема активности согласно со член 37 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и достави Известување за пријавениот случај до надлежната привремена комисија во Јавното обвинителство за следење на евентуални изборни нерегуларности, на нејзино надлежно постапување.
- во 2 (две) пријави се содржани наводи за сомневање за прекршување на одредбата од 8 -а став 1 алинеја 1 од Изборниот законик, односно член 34 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, кои се однесуваат на изградба на пат и за изведување градежни работи во две различни општини, за кои ДКСК има донесено одлука на јавна седница.
- до ДКСК се доставени 2 (две) пријави со сомневање за повреда на член 8-б став 1 од Изборниот законик, за сторена со злоупотреба на службени возила за партиски активности во кампања. По еден од овие два предмета е донесена одлука, а по другиот се постапува согласно со Законот за заштита на укажувачите.
- доставена е пријава за сторена повреда на член 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик, односно 34 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со наводи дека со донесување одлука биле обезбедени услови за зголемување на плати и надоместоци од плати на дел од општинска администрација, за кој е донесена одлука од надлежност на ДКСК.
- во другите 10 (десет) пријави се содржани наводи со сомневања за неправилности што не се опфатени во Изборниот законик или ДКСК констатирала дека нема надлежност за постапување по нив, и се донесени одлуки од надлежност на ДКСК.

При постапувањето на ДКСК по поднесените пријави во еден предмет утврди прекршување на одредбите од член 36 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-б од Изборниот законик, поради сомневање за извршена злоупотреба на службена должност од страна на директор на јавно претпријатие што овозможил користење автобуси во сопственост на претпријатието за политичко рекламирање, спротивно на наведените законски одредби. Поради констатираното, ДКСК поднесе Иницијатива за кривично гонење до Јавното обвинителство на РСМ против директорот на јавното претпријатие.

## 5.2. Предмети по сопствена иницијатива

ДКСК оформи 1 (еден) предмет по сопствена иницијатива, по допрен глас од медиуми, по кој постапувањето е во тек.

# 6. ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ

Финансиското известување во изборниот процес е уредено во член 84-б и 85 од Изборниот законик и претставува суштински механизам за обезбедување транспарентност, отчетност и законитост во прибирањето и користењето на средствата за изборна кампања. Во системот на финансирање на изборните кампањи, финансиските извештаи не се само формална обврска туку и клучен инструмент за јавен надзор и институционална контрола, преку кој се следат изворите на средства, динамиката на приливите и одливите, почитувањето на дозволените лимити, како и навременоста и целосноста на пријавувањето.

За локалните избори, финансиското известување добива дополнителна комплексност поради структурата на изборниот процес. Прво, изборната кампања се реализира во два круга, што подразбира повеќе критични моменти за известување и дополнителни рокови за доставување податоци. Второ, кај локалните избори се јавува поинаква организациска поставеност на учесниците, особено кај коалициите и кај политичките партии што учествуваат со различни кандидатури и листи на ниво на општини, што во практика резултира со отворање повеќе трансакциски сметки за изборна кампања. Трето, значајно е присуството на независни кандидати поддржани од независни кандидати поддржани од група избирачи, како учесници, кои по природа имаат поограничени административни и финансиски капацитети, што се рефлектира во квалитетот и навременоста на финансиското известување.

Согласно со законската рамка за финансирање на изборните кампањи, учесниците во изборната кампања се должни да обезбедат посебна трансакциска сметка за изборната кампања, преку која се реализираат сите приливи и исплати поврзани со изборните активности. Дополнително, тие имаат обврска во утврдени рокови да доставуваат финансиски извештаи со податоци за приходите и расходите за кампањата. Овие извештаи се доставуваат до надлежните институции и се објавуваат на начин уреден со Изборниот законик, со што се обезбедува јавност и проверливост на податоците.

## 6.1. Рокови и критични точки во известувањето за локалните избори

Во изборниот процес на локалните избори, известувањето преку извештаи се врши во повеќе фази што кореспондираат со динамиката на кампањата и со изборниот модел во два круга. Во табела (на пример, 1) е евидентирана исполнетоста на обврските на учесниците во кампањата по следниве точки: извештај со образец за примени донации на трансакциската сметка за изборна кампања  на 11-тиот ден од кампањата, извештај со образец за примени донации на трансакциската сметка за изборна кампања еден ден пред одржување на вториот круг, извештај со образец за примени донации на трансакциската сметка за периодот од еден ден по завршувањето на кампањата до затворањето на трансакциската сметка вкупен финансиски извештај со спецификација за трошоците за приходите и расходите во изборната кампања и евиденција за статусот на затворање на сметката. Во овој модел е клучна разликата меѓу учесници што ја завршуваат кампањата во прв круг и учесници што продолжуваат во втор круг, бидејќи кај вторите се јавува дополнителна обврска за известување пред одржувањето на вториот круг на гласање, како и потребата од континуирано ажурирање на финансиските податоци.

## 6.2. Надзорна улога и активности на ДКСК

Во рамките на своите надлежности ДКСК го следи исполнувањето на обврските за финансиско известување, вклучително и навременоста на доставување на извештаите, нивната целосност и усогласеност со законските прописи за

финансирање на кампањата. Комисијата ја врши оваа функција преку анализа на доставените извештаи, споредба на податоците со банкарските изводи, идентификација на несогласувања и утврдување случаи на недоставување или доцнење со извештаи. При утврдување пропусти, ДКСК презема соодветни дејства согласно со законските овластувања, вклучително и известување на надлежните органи и иницирање постапки кога се исполнети условите.

Поради правните празнини во законската регулатива, ДКСК се соочува со ограничувања во своето постапување, како што е случајот со отсуство на прекршочни санкции за недоставување на финансиските извештаи од страна на учесниците во изборниот процес, согласно со член 84 б и член 85 од Изборниот законик, што укажува на потребата од измени на законот за да се овозможи поефикасно управување со постапките и санкциите.

## 6.3. Наоди од табелата за доставени извештаи и затворени сметки

Според доставената евиденција, во изборниот процес се идентификувани вкупно 166 трансакциски сметки на учесници во изборната кампања. Овој број ја одразува специфичноста на локалните избори: една политичка партија или коалиција може да има повеќе сметки што одговараат на различни коалициски конфигурации или различни локални настапи, а дополнително значаен дел од сметките се поврзани со групи избирачи.

Особено значаен сегмент претставува статусот на затворање на трансакциските сметки. Затворањето на сметката има двојна функција: формално го затвора финансискиот циклус на кампањата и овозможува конечна проверка на тоа дали сите обврски се намирени и дали остануваат неискористени средства.

Во контекст на изборниот процес во два круга, дополнителен индикатор за дисциплината на учесниците е доставувањето извештај „еден ден пред втор круг" таму каде што се одржува вториот круг. Набљудувањето на оваа колона овозможува да се утврди дали учесниците што продолжиле со кампања во втор круг ја одржале континуираната отчетност и навременото информирање. Податоците упатуваат дека дел од учесниците што имаат активни сметки во периодот меѓу круговите не доставиле извештај во законски утврдениот рок, што е индикатор за ризик од намалена транспарентност токму во фазата кога кампањата продолжува и кога, по правило, се интензивираат активностите.

# 7. СЛАБОСТИ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека постојат значителни слабости во законската регулатива што ги уредува изборните процеси, со што се создава потреба од нивно унапредување, менување, дополнување и усогласување. Покрај одредени измени на Изборниот законик, сè уште постојат празнини и нерегулирани прашања што сериозно го засегаат работењето на Државната комисија за спречување на корупцијата и ефективното следење на спроведувањето на изборните процеси.

Системските слабости во изборниот процес на Република Северна Македонија се последица на различни аспекти на правната и институционалната рамка. Овие слабости се одраз на недостатоци во правната регулатива, како и на проблеми со спроведувањето и управувањето со изборните процеси. Клучни области на загриженост се недостиг од јавна расправа, проблеми со транспарентноста и имплементацијата на новите регулативи, ограничени ресурси и обука на изборната администрација, како и недостиг од поддршка на институциите одговорни за изборите. Овие проблеми доведуваат до непредвидливост и несигурност во изборниот процес, што може да влијае врз неговата стабилност и ефикасност.

Изборната администрација, вклучително и Државната комисија за спречување на корупцијата, има ограничени човечки и финансиски ресурси, што може да влијае врз навремената подготовка и комуникацијата со другите изборни органи и со јавноста. Овие слабости ја нагласуваат потребата од подобрување на правната и институционалната рамка за изборниот процес, со цел да се обезбеди поголема стабилност, транспарентност и ефикасност на изборите во Република Северна Македонија.

### Клучни слабости на Изборниот законик

Државната комисија за спречување на корупцијата утврди потреба од унапредување на законската регулатива со која се уредуваат прашања од областа на изборните процеси, во насока на нивно менување, дополнување и усогласување. Во продолжение се наведени утврдените слабости:

- **Прецизност на регулативите за финансирање:** Потребно е да се преиспитаат и дополнително да се прецизираат одредбите од член 83 став 2, особено во делот на финансирањето на изборната кампања од редовната сметка на политичката партија и донациите. Ова се однесува на поставување поединечни и вкупни лимити на средства финансирани или донирани од физички и правни лица, со цел да се спречи прекумерното влијание на приватните интереси, но и да се ограничи прекумерното финансирање на изборните активности со државни средства што имаат сосема различна намена.
- **Недорегулирани критериуми за буџетско финансирање:** Во услови на финансирање на изборни кампањи со буџетски средства, член 76-д треба дополнително да се уреди со пропишување на мерливи критериуми за распределба на средствата од буџетот на Република Северна Македонија за платено политичко рекламирање и да се избегнат недоследности што доведоа одредени учесници да бидат лишени од можноста за добивање средства за платено политичко рекламирање од буџетот.
- **Утврдени критериуми за распределба на буџетските средства за ППР** што не обезбедуваат јасна и пропорционална распределба на буџетските средства за платено политичко рекламирање, затоа што не ја предвидуваат распределбата на средства за парламентарни партии што имаат формирано пратеничка група во Собранието, но не се дел од двете најголеми позициски или опозициски партии.

- **Нејасности во поврзаноста на донаторите:** Има потреба да се уреди начинот на кој донаторите ќе докажат дека не се „поврзани лица“ со радиодифузерите, печатените и електронските медиуми при финансирање или донирање на политичките партии. Ова е клучно за избегнување конфликт на интереси и за обезбедување транспарентност во финансирањето.
- **Непрецизни одредби за вишок средства и неплатени обврски:** Одредбите од член 85 треба да се преработат за да се дефинира јасен начин на постапување кога ќе се открие вишок средства на сметката за изборна кампања или во случај на неплатени обврски по затворање на изборните сметки.
- **Поддршка на независни кандидати од коалиции и партии:** Потребно е да се уредат условите под кои коалиција или политичка партија може да поддржи независен кандидат и да ги користи средствата за платено политичко рекламирање во корист на таков кандидат, како и да се прецизираат условите и начинот на таквата поддршка.
- **Мониторинг на медиумското претставување:** Неопходно е доуредување на Изборниот законик за да се определи надлежен орган за следење и известување за медиумското претставување на интернет-порталите за време на изборите.
- **Примена на интероперабилни системи:** Член 76-д став 11 треба да се дополни со воспоставување интероперабилен систем за размена и контрола на податоци за активноста на банерите, во кој ќе бидат вклучени сите засегнати страни.
- **Регулирање на учеството во изборна кампања преку социјалните мрежи:** Постои потреба од уредување на начинот на организирање, плаќање, следење и известување до надлежните органи за интернет-претставувањето што го вршат учесниците во изборната кампања преку социјалните мрежи.
- **Електронски медиум – услови и критериуми:** Потреба од доуредување на условите и критериумите што треба да бидат исполнети од страна на електронските медиуми за да имаат можност да аплицираат за политичко рекламирање во ДИК.
- **Распределба на буџетски средства за платено политичко рекламирање:** Пропишување јасни и прецизни критериуми за распределба на буџетските средства наменети за платено политичко рекламирање на електронските медиуми (интернет портали).
- **Рокови за исплата на донации:** Преиспитување на утврдениот краен рок за уплата на донации, односно треба да се осигури донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања.
- **Доуредување на член 84-б, став 8:** Доуредување на член 84-б, став 8 со кој ќе се даде можност Министерство за финансии со подзаконски акт да го уреди начинот на водење на деловните книги и подготвување на финансиските /финансискиот извештај за изборната кампања, имајќи ги предвид сите видови/ извори на финансирање на изборната кампања, особено кога не секогаш тие предизвикуваат паричен прилив на трансакциската сметка. Истовремено, воведување на целосно дигитално известување и следење од страна на учесниците, односно надлежните органи.
- **Казнени и прекршочни одредби:** Доуредување на Изборниот законик со што во делот на казни и прекршочни одредби ќе бидат предвидени глоби и за електронските медиуми (електронските портали) во случај за недоставување на Извештај за рекламниот простор искористен од секој учесник во изборната кампања и средствата што се платени и се побаруваат по таа основа.
- **Обучување и поддршка за финансиско известување:** Постои потреба од определување орган што ќе ги спроведува обуките поврзани со финансиското известување, со што ќе се подобри транспарентноста и навременото информирање на јавноста за финансирањето на изборната кампања.

Овие слабости укажуваат на потребата од сериозни унапредувања на Изборниот законик за да се обезбеди правична, транспарентна и ефикасна регулатива што ќе овозможи Државната комисија за спречување на корупцијата, како и сите институции ефективно да ги спроведуваат своите надлежности и да придонесуваат кон интегритетот на изборните процеси во Република Северна Македонија.

# 8. ЗАКЛУЧОК

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно со член 36 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси изготви Посебен извештај за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања за изборот на градоначалници и членови на советите на општините во Република Северна Македонија 2025 година, кој претставува сеопфатен преглед на финансиските аспекти на изборниот процес, особено фокусирајќи се на приходите, расходите и правната рамка поврзана со финансирањето на изборната кампања.

Извештајот детално ги анализира и административните процедури поврзани со финансирањето на изборната кампања. Овој документ обезбедува детална анализа на финансиските текови, идентификувани системски слабости и предлог-мерки за подобрување на транспарентноста и ефикасноста на изборните активности, како и подобрување на улогата на Државната комисија за спречување на корупцијата во борбата против корупцијата, преку ефикасното постапување по предметите и имплементација на мерки за зголемување на транспарентноста и отчетноста пред граѓаните.

Комисијата покажа ефикасност и решителност во справувањето со случаи на неправилности поврзани со изборната кампања. Овој извештај ги посочува конкретните случаи што беа процесуирани, што резултираше со изрекување на соодветни санкции и преземање мерки против одговорните лица.

Државната комисија за спречување корупција преку своите активности ја зајакна својата улога како надзорен орган и значително придонесе за зголемување на довербата во изборниот процес. Секоја постапка беше спроведена транспарентно, со што се обезбеди поголема отчетност и одговорност од страна на политичките актери. Ова го истакнува напредокот на ДКСК во создавање фер и интегритетен изборен процес со намалување на ризиците од коруптивни активности.

Со извештајот опфативме активности што ги презема ДКСК пред започнување на изборната кампања, како превентивни мерки преку објавување на соопштенија за законските ограничувања за трошење на буџетските средства, со цел намалување на незаконски активности за време на изборниот процес. Понатаму, со анализата на сите барања за добивање мислење, детектираме дека најчесто тие се поврзани со прашања од областа на вработувања, унапредување, водење дисциплински постапки, започнување изградба на објекти, отуѓување имот и слични активности за време на изборниот период, како и дека најчести баратели на мислење се министерствата, општините и државни/јавни институции, што упатува на потребата од допрецизирање на забраните утврдени со член 8-а и член 8-б од Изборниот законик и член 34 од ЗСКСИ во време на изборниот процес, со цел да избегне ризикот од незаконско постапување и незаконско трошење на буџетските средства.

Во однос на законската обврска за доставување податоци за службените моторни возила со кои располагаат институциите, констатиравме низок степен (42 %) на реализација на оваа законска обврска, како и отсуство на нормативно решение за санкционирање од страна на ДКСК, со што се намалува можноста за превенција од злоупотреба на службените возила за потребите на изборната кампања. Во насока на зголемување на транспарентноста, Комисијата јавно ги објави сите институции кои не доставија информации до законскиот рок.

Од вкупните извори за финансирање на изборната кампања во износ од 595.017.106 денари, 48 % се средства директно обезбедени од буџетот на државата за платено политичко рекламирање, поради што ДКСК укажува на потребата од промена на законската регулатива во насока на преиспитување на овој начин на финансирање на изборните кампањи поради постоење корупциски ризици и влијанија на политичките партии врз уредувачката политика на медиумите.

Во однос на постапувањето по предмети за овој изборен процес, ДКСК оформи вкупно 43 предмети, од кои 42 по пријави со сомневања за сторени повреди на Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот

на интереси во текот на изборниот период, и 1 предмет по сопствена иницијатива, по допрен глас од медиуми. ДКСК постапуваше по вкупно 38 (триесет и осум) предмети, од кои во 33 (триесет и три) предмети има донесено одлука за запирање на постапката, а во 3 (три) предмети има донесено одлука за отфрлање на пријавата. За еден предмет има донесено заклучок за спојување кон друг предмет со исти/слични наводи и во еден предмет е донесен заклучок за прераспределба и постапување согласно со Законот за заштита на укажувачи.

При постапувањето на ДКСК по поднесените пријави во еден предмет утврди прекршување на одредбите од член 36 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-б од Изборниот законик поради сомневање за извршена злоупотреба на службена должност од страна на директор на јавно претпријатие што овозможил користење автобуси во сопственост на претпријатието за политичко рекламирање, спротивно на наведените законски одредби. Поради констатираното, ДКСК поднесе Иницијатива за кривично гонење до Јавното обвинителство на РСМ против директорот на јавното претпријатие.

Во однос на законската обврска за доставување извештаи, констатиравме дека 54 % од учесниците во изборниот процес немаат доставено вкупен финансиски извештај, додека значително мал број од правните лица што вршат платено политичко рекламирање имаат доставено извештаи до ДКСК, со што се нарушува принципот на транспарентност на изборната кампања и се намалува довербата во целокупниот изборен процес, за што не се изречени санкции од страна на надлежните институции.

ДКСК значително придонесува за заштита на законитоста, објективноста и транспарентноста на изборниот процес преку ефикасно следење и контрола на финансирањето, превентивни активности и управување со пријавите за неправилности. Потребно е да се продолжи со унапредување на механизмите за справување со изборните нерегуларности и да се поттикне јавната свест и учество во откривањето коруптивни активности, што е клучно за одржување на демократските процеси и доверба на граѓаните во институциите.

Извештајот детализира голем број недостатоци во правната и административната рамка што го регулираат изборниот процес и финансирањето на изборните кампањи во Република Северна Македонија. Покрај постоењето законска регулатива, значителните проблеми во имплементацијата создаваат ризик од корупција. Ова е особено изразено во несоодветната примена на законските одредби, што води кон зголемен ризик од злоупотреба на средствата. Административните процедури, како што е пријавувањето донации и трошоци од страна на политичките партии, се оценети како премногу комплексни и неефикасни, што доведува до зголемени административни трошоци и одложувања. Потребна е реформа на овие процеси за постигнување поголема ефикасност и намалување на можностите за корупција.

Извештајот укажува на потребата од зајакнување на системите за следење и надзор за обезбедување поголема транспарентност и отчетност во финансирањето на изборните кампањи. Финансиското управување претставува сериозен предизвик, но успехот на ДКСК во борбата против корупцијата и справувањето со неправилностите е видлив и значителен, и покрај сите предизвици.

Државната комисија за спречување на корупцијата препорачува воведување нови механизми за следење на приходите и расходите, како и реорганизација на административните процеси за поефикасно управување со ресурсите и намалување на можностите за корупција.

Овој извештај претставува значаен документ што дава јасна слика за состојбата на финансирањето на изборните кампањи во Северна Македонија во 2025 година. Преку детално разгледување на приходите, расходите и правната рамка, извештајот ја нагласува потребата од реформи и подобрувања што ќе обезбедат фер и транспарентен изборен процес во иднина.

Овој документ е подготвен во рамки на проектот „Отпорни институции за демократско управување и избори на Балканот", финансиран од Владата на Обединетото Кралство со поддршка на Британската амбасада во Скопје, и Програмата за поддршка на изборите на Швајцарската соработка во Северна Македонија, имплементирана од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Содржината на овој производ не мора да ги отсликува ставовите на донаторите, проектите или имплементаторот(ите).

ПРИЛОГ 1: Статус на доставени/не доставени извештаи според период на доставување

| Реден бр. | Име на учесник | Банкарска сметка | 11. ден | 1 ден по завршување на прв круг | 1 ден пред втор круг | 1 ден по затворање на сметката | Вкупен извештај | Затворена сметка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Коалиција предводена од СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА - СДСМ** | 300000005356085 | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 2 | **Коалиција предводена од СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА - СДСМ** | 300000005356182 | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 3 | **Коалиција предводена од СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА-СДСМ** | 300000005356473 | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 4 | **Коалиција предводена од СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА-СДСМ** | 300000005356570 | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 5 | **Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ** | 200004296960021 | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 6 | **Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ** | 200004296956820 | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 7 | **Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ** | 200004296977287 | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 8 | **Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ** | 200004296984077 | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 9 | **Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ** | 200004296982040 | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 10 | **Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ** | 200004297005514 | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 11 | **Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ** | 200004296953134 | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 12 | **Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ** | 200004297006096 | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 13 | **Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ** | 200004296962058 | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 14 | **Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ** | 200004296976705 | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 15 | **Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ** | 200004296957305 | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 16 | **НАЦИОНАЛНА АЛИЈАНСА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА - НАИ** | 280101105786966 | ✓ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 17 | **Коалиција за зелена иднина** | 300000005358704 | ✓ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | нема изводи |
| 18 | **Коалиција ИСКУСТВО ЗА УСПЕХ предводена од Либерално-демократска партија** | 300000005359286 | ✓ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 19 | **Коалиција ВЛЕН** | 200004295561281 | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 20 | **ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА** | 300000005350944 | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |

Извор: Административни податоци на ДКСК од вкупни финансиски извештаи

ПРИЛОГ 1: Статус на доставени/не доставени извештаи според период на доставување

| Реден бр. | Име на учесник | Банкарска сметка | 11 ден | 1 ден по завршување на прв круг | 1 ден пред втор круг | 1 ден по затворање на сметката | Вкупен извештај | Затворена сметка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | **Единствена Македонија** | 320100033698868 | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 22 | **Политичка партија ТМРО** | 280116103763036 | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 23 | **Политичка партија ДЕМОКРАТИ Скопје** | 300000005352787 | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 24 | **Движење ЗНАМ За наша Македонија** | 300000005357249 | ✓ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 25 | **Македонска акција - МААК** | 320100033707404 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 26 | **Партија на пензионери** | 300000005358316 | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 27 | **Демократска партија на Турците на Македонија** | 300000005355406 | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 28 | **Политичка партија „ГРаѓанска ИНицијатива“ ГРИН** | 270078688550183 | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 29 | **ВМРО НАРОДНА ПАРТИЈА** | 200004293435041 | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 30 | **ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДВИЖЕЊЕ ЗА НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО НА ТУРЦИТЕ** | 270078644000120 | ✓ | ✗ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 31 | **Бошњачки Демократски Сојуз** | 270078687820161 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 32 | **РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА** | 300000005357540 | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 33 | **Македонска Ера Трета/Македонски Независни Листи - Суверенисти - МИРЈАНА МИРЧЕВСКИ** | 270078656860186 | ✓ | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 34 | **Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ Скопје** | 210078688980177 | ✓ | ✗ | ✓ | ✗ | ✓ | нема изводи |
| 35 | **Твоја партија** | 300000005356667 | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 36 | **МАКЕДОНСКИ КОНЦЕПТ** | 30000 0005357928 | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 37 | **Партија на обединети демократи - ПОДЕМ** | 200004296711507 | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ |
| 38 | **ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ** | 300000005356958 | ✓ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 39 | **РОДИНА МАКЕДОНИЈА** | 270078691770195 | ✓ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 40 | **ПАРТИЈА / ДЕМОКРАТСКИ СИЛИ НА РОМИТЕ** | 300000005358510 | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |

Извор: Административни податоци на ДКСК од вкупни финансиски извештаи

ПРИЛОГ 1: Статус на доставени/не доставени извештаи според период на доставување

| Реден бр. | Име на учесник | Банкарска сметка | 11 ден | 1 ден по завршување на прв круг | 1 ден пред втор круг | 1 ден по затворање на сметката | Вкупен извештај | Затворена сметка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 41 | **ПАРТИЈА / СОЈУЗ НА РОМИТЕ** | 300000005357831 | ✗ | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 42 | **ПАРТИЈА / УНИЈА НА РОМИ** | 300000005351138 | ✗ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 43 | **ПАРТИЈА / ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА РОМИТЕ** | 200004296710052 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 44 | **Политичка партија Десница** | 210078704420152 | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ | нема изводи |
| 45 | **Демократска партија на Србите во Македонија - Братска** | 300000005352302 | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ |
| 46 | **ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА „СРПСКА СТРАНКА ВО МАКЕДОНИЈА“** | 210078701240104 | ✓ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 47 | **ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕМОКРАТСКА ОБНОВА ЗА МАКЕДОНИЈА** | 300000005357637 | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| 48 | **Група Избирачи Саше Донев** | 200004297437455 | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 49 | **Група Избирачи Зоран Тодоров** | 300050000204364 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема салдо 0 |
| 50 | **Група Избирачи Венко Крстевски** | 210078663480138 | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 51 | **Група избирачи Сане Јованов** | 300050000204655 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 52 | **Група избирачи Ване Цеков** | 290000002784630 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 53 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ-МИРАН МИТРЕВСКИ** | 300320000044640 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 54 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ-СЛОБОДАН ВЕЛИНОВСКИ** | 300320000044834 | ✓ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | нема изводи |
| 55 | **Група избирачи Гордан Стошевиќ** | 270078674500121 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ | нема изводи |
| 56 | **Група избирачи Раман Демиров** | 320100033708762 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 57 | **Група избирачи Енис Демиров** | 250000802743496 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 58 | **Група избирачи Благица Сабовљевиќ Стоименова** | 200004296939554 | ✗ | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 59 | **Група избирачи Влатко Здравков** | 300050000204461 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 60 | **Група независни избирачи Аќи Акиов** | 250000802744854 | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ | ✓ | ✓ |

Извор: Административни податоци на ДКСК од вкупни финансиски извештаи

ПРИЛОГ 1: Статус на доставени/не доставени извештаи според период на доставување

| Реден бр. | Име на учесник | Банкарска сметка | 11 ден | 1 ден по завршување на прв круг | 1 ден пред втор круг | 1 ден по затворање на сметката | Вкупен извештај | Затворена сметка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 61 | **група избирачи Гроздe Митров** | 200004295552357 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 62 | **група избирачи Јовица Стоименов** | 200004296712089 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 63 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ-ЈАВОРКА СОКОЛОВСКА** | 300320000044737 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 64 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ-ЗЛАТЕ АЛЕКСОВСКИ** | 300320000044931 | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ | нема изводи |
| 65 | **Група Избирачи Сузана Јовановска-Илиева** | 240310121271596 | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ | нема изводи |
| 66 | **Група избирачи Александар Глигоров** | 210078662590163 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 67 | **Група избирачи Слободан Даневски** | 30018000025344 | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ | нема изводи |
| 68 | **Група избирачи – ГАБРИЕЛА ИЛИЕВСКА** | 210078653410180 | ✓ | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 69 | **Група избирачи - ВАСКО ДЕЛОВСКИ** | 210078672630148 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 70 | **Група избирачи – ЗОРАН НИКОЛОВСКИ** | 270078670850108 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 71 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ - РАМАДАН ИМЕРИ** | 300170000051195 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 72 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ ДИМЧЕ АНДРЕСКИ** | 280111104138790 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 73 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ-НЕЗАВИСЕН КАНДИТАТ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ДЕБРЦА ЗОРАН НОГАЧЕСКИ-ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2025 ДЕБРЦА** | 28111104140148 | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 74 | **група избирачи ДРАГАН ШУЛЕВСКИ** | 500000001548244 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 75 | **група избирачи Марјанче Стојановски** | 210078682430155 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 76 | **група избирачи Оливер Ивановски** | 300290000002592 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 77 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ АБДУЛА БАЈРАМОСКИ** | 210078685960179 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 78 | **Група избирачи Милосим Војнески** | 300280000054633 | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ | ✓ | нема изводи |
| 79 | **Група избирачи - Лупчо Стојановски** | 270078671230154 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 80 | **Група избирачи - Горан Талевски** | 200004296328357 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |

Извор: Административни податоци на ДКСК од вкупни финансиски извештаи

ПРИЛОГ 1: Статус на доставени/не доставени извештаи според период на доставување

| Реден бр. | Име на учесник | Банкарска сметка | 11 ден | 1 ден по завршување на прв круг | 1 ден пред втор круг | 1 ден по затворање на сметката | Вкупен извештај | Затворена сметка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 81 | **Група избирачи - Насто Палиоски** | 210078666230185 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 82 | **Група избирачи - МЕНДИ ЌУРА** | 270078668600193 | ✓ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 83 | **Група избирачи - Игор Малески** | 290000002784242 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 84 | **Група избирачи - Мирко Савески** | 240230121233600 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 85 | **Група избирачи - Бесник Асани** | 270078678240150 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 86 | **Група избирачи Љупчо Дунимаглоски** | 300020000652360 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 87 | **Група Избирачи Ѓорѓија Игески** | 200004294491468 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 88 | **Група избирачи Борче Чупетрески** | 300020000652457 | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 89 | **Група Избирачи Павлинче Матеска** | 300020000652845 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ | нема изводи |
| 90 | **ГИ Гоце Цветкоски** | 320100033696443 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 91 | **Група Избирачи Сашо Пивковски** | 300060000220611 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 92 | **Игор Митревски** | 250000802744078 | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 93 | **Група избирачи – Миле Трајковски** | 210078656190103 | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ |
| 94 | **Група избирачи – Зоран Лазровски – Пањо** | 290000002780944 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 95 | **Група избирачи - ПЕТАР КОТЕВСКИ** | 380071795300114 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 96 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ - ДРГИМ КАЈА Носител на листа** | 300170000051098 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 97 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ ЈАНЕСКИ ТАНЕ НОСИТЕЛ НА ЛИСТА ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА -ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2025 ГОДИНА ЗА ОПШТИНА ДЕБРЦА** | 280111104139760 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 98 | **Група избирачи БОРО ЃОРЕВСКИ** | 300290000002689 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 99 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ РАИМ КЕРА** | 210078671580123 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 100 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ САФЕТ РЕЏОСКИ** | 280110104417214 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |

Извор: Административни податоци на ДКСК од вкупни финансиски извештаи

ПРИЛОГ 1: Статус на доставени/не доставени извештаи според период на доставување

| Реден бр. | Име на учесник | Банкарска сметка | 11 ден | 1 ден по завршување на прв круг | 1 ден пред втор круг | 1 ден по затворање на сметката | Вкупен извештај | Затворена сметка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 101 | **ГИ Николина Вељаноска** | 300280000054924 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 102 | **ГИ Ненад Митрески** | 300280000054730 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 103 | **ГИ Ивица Аврамоски** | 300280000054827 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 104 | **ГИ Виолета П. Смилески** | 300280000055118 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 105 | **ГИ Марјан Алампиоски** | 300280000055021 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 106 | **Група избирачи - Буруми Насуфи** | 210078687660104 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 107 | **Група избирачи - Алија Ќазими** | 270278678590126 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 108 | **Група избирачи - Анела Ќазимоски** | 300160000044066 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема салдо 0 |
| 109 | **Група избирачи Страшо Наумоски** | 300020000652748 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 110 | **Група Избирачи Ванчо Спиркоски** | 270078664290192 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 111 | **ГИ Данијел Стојановски** | 200004297436970 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 112 | **ГИ Арбен Далипи** | 270079677940129 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 113 | **ГИ Марија Младеновска** | 200004296519156 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 114 | **ГИ Рушан Ходa** | 270078697540143 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 115 | **Група Избирачи Златко Шурбевски** | 290000002780459 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ | нема изводи |
| 116 | **Група Избирачи Кире Автаровски** | 200004295118379 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 117 | **Група избирачи Боби Бошевски** | 200004296098467 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 118 | **Група избирачи - Васко Томулевски** | 500000001549020 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 119 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ - БЛАЖЕ ДИМИТРИЕВ** | 270078678670151 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 120 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ - ЗОРАН ПЕТРОВ** | 200004295841417 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |

Извор: Административни податоци на ДКСК од вкупни финансиски извештаи

ПРИЛОГ 1: Статус на доставени/не доставени извештаи според период на доставување

| Реден бр. | Име на учесник | Банкарска сметка | 11 ден | 1 ден по завршување на прв круг | 1 ден пред втор круг | 1 ден по затворање на сметката | Вкупен извештај | Затворена сметка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 121 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ - СТИВЕН ПЕТКОВСКИ** | 200004296103026 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 122 | **Група избирачи - Независен кандидат за градоначалник на општина Струмица Драган Котуровиќ** | 200004295533054 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 123 | **Група избирачи ЃОРГИ ТАНУШЕВ** | 200004295966450 | ✓ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | нема изводи |
| 124 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ РИСТО САКАЛИЕВ** | 320100033708665 | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 125 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ ПАНЧО МИНОВ** | 300040000211009 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема салдо 0 |
| 126 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ** | 270078677430103 | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 127 | **Група избирачи Стојанчо Велков** | 200004295745290 | ✓ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 128 | **Група избирачи Бранко Продановски** | 200004296270933 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 129 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ ИГОР АГОВСКИ** | 210078673790171 | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✓ | нема изводи |
| 130 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ ДАНИЕЛА СТОЈКОВИЌ** | 300000005357734 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 131 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ НЕВЕНА ГЕОРГИЕВСКА** | 270078657240135 | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ | нема изводи |
| 132 | **Група избирачи Огнен Дедиќ** | 300000005347840 | ✓ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | нема изводи |
| 133 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ ТАТЈАНА ЧАКУЛЕВ** | 270078657320160 | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 134 | **Кети Сталеска** | 270078684720138 | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 135 | **Марко Ташков** | 200004296321567 | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 136 | **Група избирачи Митко Јакимовски** | 300000005355309 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 137 | **Група избирачи Билјана Ивановска** | 300000005361517 | ✓ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 138 | **Група избирачи Горан Ѓуровски** | 300000005362778 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 139 | **Група избирачи Јане Димески** | 300000005361420 | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 140 | **Група Избирачи Дејан Димитровски** | 210078693710188 | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✓ | ✓ |

Извор: Административни податоци на ДКСК од вкупни финансиски извештаи

ПРИЛОГ 1: Статус на доставени/не доставени извештаи според период на доставување

| Реден бр. | Име на учесник | Банкарска сметка | 11 ден | 1 ден по завршување на прв круг | 1 ден пред втор круг | 1 ден по затворање на сметката | Вкупен извештај | Затворена сметка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 141 | **Група избирачи независен кандидат Азем Садики** | 270078686420160 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 142 | **Група избирачи носител на независна листа - Ибрахим Јусуфовски** | 270078684990186 | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 143 | **Група Избирачи АДНАН ОСМАНОВИЌ** | 300000005361323 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 144 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ МАРЈАН КАЛЕВСКИ** | 300000005363166 | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 145 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ ЈАНА БЕЛЧЕВА АНДРЕЕВСКА (НЕЗАВИСНИ ЗАЕДНО)** | 300000005362002 | ✓ | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 146 | **Група избирачи Драган Николовски** | 500000001549117 | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✗ | нема изводи |
| 147 | **Група избирачи Сашо Маневски** | 300000005354921 | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 148 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ ГОРАН МАРКОВСКИ** | 300000005361905 | ✓ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 149 | **Груба Ибирачи - Фекри Бакиу** | 270078687310135 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 150 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ ВИСАР АДЕМИ** | 200004294031203 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 151 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ ШКОДРАН АЛИЛИ** | 270078672550130 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 152 | **Група избирачи- Горан Стојковски-Диро** | 300090000185932 | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 153 | **Група избирачи - Месут Бајрами - За Албанците од Куманово** | 320100033714388 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 154 | **Група избирачи - Иван Петковски** | 300090000186029 | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ | ✓ |
| 155 | **Група избирачи Агрон Арифи** | 200004296268896 | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ | ✓ | нема изводи |
| 156 | **Група Избирачи - Костадин Ристоманов** | 200004295969069 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 157 | **Група избирачи - Давид Златанов** | 300030000297485 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 158 | **Група избирачи Страхил Гавритов** | 210078694440113 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 159 | **Група избирачи Независни - Иле Бачанов** | 300020000652651 | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 160 | **Група избирачи Кујтим Касами** | 270078673440105 | ✗ | ✓ | ✗ | ✓ | ✗ | нема изводи |

Извор: Административни податоци на ДКСК од вкупни финансиски извештаи

ПРИЛОГ 1: Статус на доставени/не доставени извештаи според период на доставување

| Реден бр. | Име на учесник | Банкарска сметка | 11 ден | 1 ден по завршување на прв круг | 1 ден пред втор круг | 1 ден по затворање на сметката | Вкупен извештај | Затворена сметка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 161 | **Група избирачи Петковски Зоран Независни за Старо Нагоричане** | 300090000185544 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 162 | **Група избирачи Далибор Серафимовиќ** | 300090000186223 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 163 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ МАГДАЛЕНА КАРКАЛАШЕВА** | 320100033722730 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 164 | **ГРУПА ИЗБИРАЧИ - РЕМЗИ МАМУТИ** | 300000005358607 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| 165 | **Влатко Смоковски** | 300000005355018 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема салдо 0 |
| 166 | **Група избирачи Иван Станоев** | 200004296500823 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | нема изводи |
| 167 | **СУАД АДИЛОВИЌ** | 210078692660260 | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ | немаме пристап |
| 168 | **Лимба Минова Златески** | 300040000211979 | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ | ✓ |

Извор: Административни податоци на ДКСК од вкупни финансиски извештаи

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 41-а став 8 од Деловникот за работа бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр.02-3087/1 од 06.12.2024 година, Државната комисија за спречување на корупцијата на -та седница одржана на .10.2025 година го усвои следниот

**ИЗВЕШТАЈ**
за антикорупциска проверка на одредби од
Изборниот законик Глава VI. Изборна кампања со поднаслов
,,Медиумско претставување,, од член 75 до член 76- д

**Наслов на законот:**
- Изборен законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24, 76/24).

**По сопствена иницијатива: В**рз основа на член 17 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а во врска со доставена претставка бр.03-2594/1 од 25.09.2025 година во која се изнесени забелешки по однос на нацрт Упатството за радиодифузерите за локалните избори 2025 година, Државната комисија на колегиум одржан на 30.09.2025 година одлучи по сопствена иницијатива да се изврши антикорупциска проверка на одредби од Изборниот законик Глава VI. Изборна кампања со поднаслов ,,Медиумско претставување,, од член 75 до член 76-д.

**Област:** изборен процес

**Генерална оценка**

**1.Осврт на барањето :**
Со Изборниот законик се уредуваат начинот, условите и постапката за избор на претседател на Република Македонија, за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје, за избор на градоначалник на општина и градоначалник на градот Скопје, начинот и постапката на евидентирање на избирачкото право, водење на Избирачкиот список, определување на границите на изборните единици, како и утврдување на избирачките места и условите за нивно функционирање.

**2.Разгледани / консултирани дополнителни материјали**:
- Устав на Република Северна Македонија;

- Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2019);
- Упатство за радиодифузерите за локалните избори 2025 година бр.01-4137/1 од 26.09.2025 година;
-Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18,248/18 и 27/19 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија,, бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24).

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 17 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, согласно со Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата бр.03-4058/1 од 27.11.2020 година, спроведе антикорупциска проверка на наведените одредби по што го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

По спроведена анализа на одредбите од Изборниот законик Глава VI. Изборна кампања со поднаслов ,,Медиумско претставување,, од член 75 до член 76-д Државната комисија наиде на постоење на регулаторни ризици.

**Образложение**

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива одлучи да спроведе антикорупциска проверка на одредби од Изборниот законик кои се однесуваат на медиумското претставување и тоа: член 75, 75-а, 75-б, 75-в, 75-г, 75-ѓ, 76, 76-а, 76-б, 76-в, 76-г и 76-д, за што оформи предмет во Одделението за антикорупциска проверка на легислативата.
Со цел конзистентност и сеопфатност на анализираните одредби, беа земени предвид и одредби од Изборниот законик кои се во корелација со одредбите од член 75 до член 76- д.
При проверката на наведените одредби, Државната комисија наиде на ризици од корупција во одредбите на членот 75-ѓ од Изборниот законик.

1.Со **член 75-ѓ став (1)** од Изборниот законик се уредува:

**„За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно девет минути и триесет секунди дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор, за двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор, за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да**

**формираат пратеничка група можат да одвојат една минута која се распределува по претходен писмен договор и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати можат да одвојат триесет секунди кои се распределуваат по претходен писмен договор.,,**

При анализа на одредбата од член 75-ѓ став (1) Државната комисија утврди постоење на регулаторни ризици поради двосмисленост во правната формулација и недоволна прецизност на нормативната содржина, што согласно Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата може да создаде услови за правна несигурност и нееднаква примена.
Имено, од антикорупциската проверка на наведената одредба со која се уредуваат времето и начинот за емитување програма исклучиво наменета за платено политичко рекламирање од страна на радиодифузерите кои ги покриваат изборите за време на изборната кампања, ги утврдивме следните регулаторни ризици:

**1.1)** Прв регулаторен ризик
Законодавецот при пропишување на одредбата употребува зборови како ,,можат,, и ,,најмногу,, кои во контекст на другите зборови кои се употребени, оставаат простор за различно толкување. Така, зборот ,,можат,, кој се употребува во одредбата, според смислата на своето значење не значи ниту пак упатува на облигаторност, заради што при примена на законот, би можело да се толкува и поинаку. Ваквата формулација не содржи јасна императивна насока и оттука може да доведе до различни интерпретации во праксата, особено кога е во прашање еднаквиот пристап на учесниците во изборната кампања до медиумскиот простор.
Воедно, различно толкување при практичната примена на одредбата може да произведат и зборовите ,,најмногу четири минути,, од причина што нивното користење, упатува дека законодавецот ја пропишал горната граница на времето за платено политичко рекламирање која не смее да се надмине, но притоа не ја пропишал долната граница на времето за наведеното рекламирање.
Поради наведеното Државната комисија утврди дека изборот на зборови и начинот на кој се поврзани, односно конструкцијата на реченицата во наведената одредба содржи некохерентна законодавно-правна техника и е двосмислена, со што се остава простор одредени субјекти кои го применуваат законот, различно да го толкуваат, а со тоа и различно да го применуваат во дадени ситуации.

**1.2)** Втор регулаторен ризик
Дополнително, горенаведениот регулаторен ризик според Државната комисија е во директна причинско последична врска со друг регулаторен ризик кој се јавува заради нецелосна опфатеност на сите аспекти со правната регулатива, односно неопфатеност на сите учесници во изборната кампања за кои радиодифузерите ќе емитуваат програма исклучиво наменета за платено политичко рекламирање за време на изборната кампања.

Имено, законодавецот во Поимникот на законот во член 2 точки 14, 24, 26 и 28 применил широк опсег при определување на значењето на поимите како што се:

„14. ,,Учесник во изборна кампања,, е овластено лице од политичка партија, коалиција или група избирачи кои ја организираат изборната кампања:,,
24. „Директен пристап до избирачите,, се облиците на бесплатно политичко претставување и на платено политичко рекламирање, преку кои учесниците во изборната кампања слободно ги промовираат своите програми, ставови и кандидати;
26. ,,Платено политичко рекламирање“ е директен пристап на учесниците во изборната кампања до избирачите, преку кој за паричен надоместок се промовираат изборните програми, ставови и кандидати;,
28. ,,Изборно медиумско претставување“ е промовирање (непосредно или посредно) на ставови, програми, платформи, достигнувања, активности и друго на политичките партии, коалиции, група избирачи и нивни претставници.“

Од друга страна при пропишување на членот 75-ѓ став (1) законодавецот применил поинаков пристап со набројување на учесниците во изборната кампања како што е:
-,,**двете најголеми политички партии во позиција кои на последните избори за пратеници** во **Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови,,**
**-,,двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови,,**
**-,,за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група,, и**
**-,,за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати,,.**

Ваквиот начин на уредување применет во одредбата од член 75-ѓ став (1) остава можност при нејзина примена да се јават непредвидени случаи доколку во изборната кампања се јават партии кои не се опфатени со оваа одредба, иако ги исполнуваат условите согласно законот и истите имаат право да се јават како учесници во изборната кампања, согласно поимникот во член 2 од Изборниот законик.
Оттука, ако се земе предвид првиот регулаторен ризик под точка 1.1) кој се јавува заради изборот на зборови, употребената конструкција на реченици и некохерентната законодавно-правна техника и вториот регулаторен ризик од подточка 1.2) заради правната неопфатеност во членот 75-ѓ став (1) на сите учесници кои може да се јават во изборната кампања, произлегува дека постои правна празнина поради недоуреденост на одредбата, со што овие два регулаторни ризици истовремено создаваат можност за субјективно толкување и различна примена .

**1.3) Трет регулаторен ризик**
Понатаму, со одредбата од член 75-ѓ став (1) на Изборниот законик, законодавецот при уредување на платеното политичко рекламирање помеѓу останатите ги земал во предвид **,,двете најголеми политички партии од позицијата односно опозицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови,,.**
Истовремено, со Поимникот на овој закон во член 2 точка 14 предвидено е дека во изборна кампања како учесник може да се јави и овластено лице од ,,коалиција,, како здружување врз

основа на договор на две или повеќе регистрирани политички партии за заедничко настапување за време на одржување на избори.

Доколку се доведат во корелација наведените одредби, произлегува дека законодавецот не предвидел време на платено политичко рекламирање за коалиции кои настапиле на последните избори за пратеници во Собранието и кои освоиле најмногу гласови, поради што истата не е усогласена терминолошки, но и суштински со Поимникот од член 2 на овој закон.
Оттука, според Државната комисија во оваа одредба се јавува регулаторен ризик поради неусогласеност на член 75-ѓ став (1), со Поимникот од овој закон.

2. Со **член 75-ѓ став (12)** е уредено :
**„Рекламниот простор на електронските медиуми (интернет портали) и печатените медиуми наменет за платено политичко рекламирање, се распределува по следниве критериуми:**
**- најмногу 45% од рекламниот простор може да се даде на двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови,**
**- најмногу 45% од рекламниот простор може да се даде на двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови,**
**- најмногу 7% од рекламниот простор може да се даде на политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група и**
**- најмногу 3% од рекламниот простор може да се даде на политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати.“**

При антикорупциската проверка на одредбата од став (12) на член 75-ѓ, со која се уредува правото на платено политичко рекламирање во рекламниот простор на електронските медиуми (интернет портали) и печатените медиуми, Државната комисија ги утврди истите ризици претходно образложени за ставот (1) на овој член.

3. Со **член 75-ѓ став (13)** е уредено:
**„Радиодифузерите и печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) во Република Македонија се должни на сите учесници на изборниот процес да им обезбедат рамномерен пристап за платено политичко рекламирање.„**

По анализа на ставот (13) од овој член, Државната комисија утврди постоење на т.н. внатрешен судир на овој став со став (1) и (12) од истиот член, како регулаторен ризик од корупција, бидејќи истите се меѓусебно неусогласени.
Имено, со одредбата на став (13) од овој член законодавецот пропишал обврска за радиодифузерите и печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) во Република Македонија на сите учесници на изборниот процес да им обезбедат рамномерен пристап за платено политичко рекламирање, што пак од друга страна не се овозможува со став (1) и (12) од овој член.

4. Имајќи ги предвид претходно утврдените регулаторни ризици од аспект на медиумското претставување на учесниците во изборната кампања, Државната комисија се осврна и на дел од останатите одредби од Изборниот законик кои се во корелација со ваквото претставување. Притоа, утврди дека членот 75-ѓ став (1) и (12) се неусогласени и со одредбата на **членот 70 став (2)** со која законодавецот уредува:

,,**учесниците во изборната кампања** имаат право на рамноправен пристап и под еднакви услови да ги користат сите видови на политичка пропаганда, известување и други облици на пропаганда чија цел е да се влијае на одлуката на избирачите при гласањето,,.

Од вака пропишаната одредба се утврди дека постои внатрешна колизија, односно правна неусогласеност на член 75-ѓ став (1) и (12), и со член 70 став (2) од овој закон.

**Заклучоци и препораки**

Државната комисија за спречување на корупцијата при спроведената анализа и проверка на горенаведените одредби од Изборниот законик заклучи дека е потребно да се преземат мерки за надминување на вака констатираните состојби во насока на изменување и дополнување како што следува :

- користење на јасен и недвосмислен јазик при уредување на времето на платено политичко рекламирање кај радиодифузерите, утврдено во член 75-ѓ став (1) ;
- усогласување на одредбата од член 75-ѓ став (1) и (12), со член 2 точка 14) од Изборниот законик ;
- усогласување на член 75-ѓ став (1) и (12), со став (13) од истиот член ;
- усогласување на член 75-ѓ став (1) и (12), со член 70 став (2) од Изборниот законик.

Со цел да се минимизираат регулаторните ризици од корупција кои може да резултираат со примена на Изборниот законик, од аспект на примена на Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, Државната комисија за спречување на корупцијата го доставува предметното мислење.

Воедно се укажува на потребата надлежното министерство навремено да достави известување за преземените активности во насока на надминување на утврдените регулаторни ризици, односно образложение за препораките кои не се прифатени.